СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 4 ноември 1992 година

Скопје, ноември 1992 година

**51 ( ПЕДЕСЕТ И ПРВА ) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 4 НОЕМВРИ 1992 ГОДИНА**

ДИСКУТАНТИ:

Дневен ред на стр.20, 22, 23

1. АНДОВ СТОЈАН -4, 8, 20, 25, 26
2. АНДОНОВ ТИМЕ - 102
3. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 3, 84
4. АЛИУ ХАМИД - 63
5. АБДИ ФАИК -85, 92
6. АЛИУ ЕШРЕФ - 95
7. БОШКОВ ЈОРДАН - 33
8. БОШКОВСКИ ЃОРЃИ - 97
9. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 54, 73
10. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 2, 18, 50, 53, 55, 57, 90.
11. ГОШЕВ ТУШЕ - 28, 9, 1о3
12. ЃОРЌЕСКИ ЕОРИС - 40
13. ЗАФИРОВ ЈОРДАН - 61
14. ЗАФИРОВСКИ ГОРАН - 99
15. ЗЛАТАНОВ ВАНЧО -106
16. ИВАНОВ ИВАН -38, 101
17. ЖУТА БЕКИР - 97,100
18. ЈОВАНОВ РИСТО - 12
19. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН – 87
20. ЈАКИМОВСКИ ЉУПЧО - 88
21. ЈУМЕРОВСКА ГУЛИСТАНА – 21
22. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ – 21, 22
23. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 47, 60
24. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН – 87
25. МИЉОВСКИ ЈАНЕ – 111
26. МАЛЕВСКИ ДЕНКО – 7
27. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН -19, 61, 75
28. МИЛЕНКОВСКИ ЃОРЃИ – 34
29. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН – 49, 86
30. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 74
31. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР -79
32. МАНЕВ ЕФТИМ – 16, 82
33. МИНОВ ПАНЧО -81
34. МУРТЕЗАНИ АВДИ – 96
35. НЕДЕЛКОВСКИ БОГДАН - 101
36. ПАКОВСКИ МИХАИЛ -2, 41, 42, 46, 91
37. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР – 19, 24
38. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 31, 34, 36, 62, 64, 66, 79
39. ПРЕВАЛА ШАБАН - 89
40. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 92, 108
41. САДИКУ ФЕРИД - 81
42. СЕЛМАНИ НЕИМ – 27, 29, 105
43. СТОЈКОВ СТОИЛЕ – 12, 13
44. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 7, 9, 33, 59, 103
45. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 104
46. СТАМЕНОВ РИСТО - 11, 72
47. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 93
48. ТРАЈКОВСКИ ПЕТРЕ- 35, 38, 90
49. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 78
50. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР- 57, 99
51. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО-15,17,44,52,54,62
52. ХАНЏИСКИ БЛАГСЈ- 11,14, 77
53. ХАЛИЛИ МУХАМЕД -29, 30
54. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ -76, 88
55. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 37
56. ЏАФЕРИ НЕЏАДИН - 93
57. ШАКИРИ ХИСНИ - 89

продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 ноември 1992 година

Седницата се одржа во сала I во Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Душко Ѓорѓевски, Димитар Димитриевски, Гоце Андоновски и Наум Симјановски ме известија дека од оправдани при- чини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата се поканети претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Усмено сум известен дека во Кабинетот кај мене телефонирал пратеникот Тодор Петров со молба да почнеме три часа подоцна од закажаното време заради тоа што имал некои неодложни обврски.

Го давам на изјаснување на Собранието, бидејќи така почнав- ме да практикуваме.

Дали се усвојува овој предлог?

Кој е за, молам да крене рака?

Четворица пратеници гласаа за.

Според тоа, предлогот на пратеникот Тодор Петров не е усвоен

Молам да одлучиме

Предлагам делот на пратеничките прашања да го поминеме по исцрпување на точките од дневниот ред или поинаку мислите

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**

Почитувани пратеници, барам, со оглед на тоа што мислам дека институцијата пратеничко прашање во крајна мерка е девалвирано, да одредиме денес еден термин и тоа тој термин да биде на почеток на седницата, саат, саат ипол два, колку ќе се договориме - тоа ми се чини дека и господинот Гошев го предложи минатиот пат во кој термин ќе биде присутна овде Владата во комплетниот состав, или ќе се поставуваат пратеничките прашања усмено и ќе се добиваат одговори. Инаку, вака како што сме тргнале да работиме одиме кон тотално уништување на една многу важна демократска придобивка. Тоа е мојот предлог, па како ќе се изјасните

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е еден начелен предлог за понатаму. За сега прашувам јас.

Расправаме дали пратеничките прашања да бидат на почетокот или на крајот на седницата.

Предлагам овој пат заради тоа што го нема поголемиот број на министрите сепак тоа да биде на крајот на седницата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сметам дека би било подобро пратеничките прашања да бидат веднаш на почетокот, а тоа што Владата не е присутна би требало да се реши со мало давање пауза додека да се соберат и да престане таа пракса

Владата на Република Македонија да го потценува Парламентот и конечно да си ги извршува своите обврски, да доаѓа на време, како и пратениците и да присуствува во составот кој ќе овозможи институцијата пратенички прашања повторно да се афирмира и да си го заземе своето место

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави пратеникот Митко Анастасовски.

Меѓутоа, сега имаме конкретни предлози и да не одиме во расправа.

**МИФКО АНАСТАСОВСКИ:**

Да не сме дволичњаци, кога ни треба некој министер да дој- де од дома го викаме, а ова прашање што го постави господинот Панов- ски е од многу важен и битен карактер затоа што секој пратеник си има проблеми во реонот односно во изборната единица каде што е из- бран и сигурно народот чека да слушне што пратеникот ќе изнесе од соодветната изборна единица.

Го молам претседателството - не сакам да кажам манипулира затоа што тоа е тежок збор, јас не употребувам такви зборови, може би некои други зборови употребувам, не сакам да навредувам никого. Го поддржувам предлогот на господинот Пановски да се позанимаваме ако треба еден ипол - два часа, и така многу време имаме изгубено за џабе, да почнеме и Владата, ми се чини Владата е во погрешен пат затоа што Владата кога се решаваат битни закони за оваа држава ни- когаш не во целина пред нас. Претседателот на Владата треба да знае, треба да знае едно, а и министрите, друго не, туку истото дека на секоја седница кога се донесуваат закони Владата треба да биде присутна. Во никоја држава не може да се дискутира за закони каде што не се присутни ако не министрите,

заменициите на министрите и Владата. А ние се потсмеваме, а со потсмевнувањето си играме сами со себе.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (ОД МЕСТО)

Бидејќи сум предлагач, ако може да не отвораме дискусија туку да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е за тоа пратеничките прашања да бидат пред да минеме на дневниот ред?

47 пратеници гласаа за од 76 присутни, според тоа имаме мнозинство и се определивме така.

Предлагам прво да го утврдиме дневниот ред, па ако има потреба тогаш да дадеме пауза за да дојде Владата. Во меѓувреме да ја известат Владата да дојде овде.

По повод Информацијата за реализација на програмата за поттикнување на развојот на земјоделството во 1992 година, заклучно со 10 јули 19 92 година, изготвена по барање на пратеникот Тодор Петров, а имајќи ги предвид предлозите и барањата на одделни пратеници^за изготвување информации за состојбите и проблемите во производството и откупот на одделни земјоделски производи (за тутунот, за грозјето, за стратешките земјоделски производи, за кредитно - монетарната политика во аграрот), како и по повод Информацијата за проблемите, состојбите и мерките за надминување на проблемите во производството, преработувачката и снабденоста на пазарот со млеко и производи од млеко, изготвена по барање на пратеникот Тодор Петров, Комисијата за земјоделство и шумарство предлага Собранието да оцени дека има потреба Владата на Република Македонија до крајот на годината да изготви

и на Собранието да му достави Информација за вкупните состојби и проблеми во аграрот во 1992 година, со Предлог- мерки.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (47 пратеници гласаа за предлогот)

Според тоа констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Во врска со Предлогот на пратеникот Тодор Петров за интернационализација на проблемот со еколошката катастрофа на Дојранското Езеро и испраќање барање до УНЕСКО за ставање на Езерото под негова заштита и испраќање експертска група за посредување помеѓу Македонија и Грција околу трајно решавање на заштитата на Дојранското Езеро, Комисијата за земјоделство и шумарство и Ко- мисијата за заштита на човековата околина предлагаат Собранието да оцени дека има потреба Владата на Република Македонија да подготви соодветна информација и да ја достави до Собранието за една од наредните седници.

Кој е за предлогот на комисиите, молам да крене рака. 64 пратеници гласаа за Предлогот на комисиите.

Констатирам дека Предлогот на комисиите е усвоен.

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство го поддржа барањето на пратеничката група на РСМ - Либерална партија и предлага Собранието да оцени дека има потреба Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Информација за текот на работата на експертските групи на Лондонската конференција за поранешна Југославија која што е институционализирана со седиште во Женева.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за предлогот.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Во врска со барањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за изготвување Информација за разговорите помеѓу претставниците на ПДП-НДП, Владата на Република Македонија и Европската економска заедница, Владата на Република Македонија извести дека ја прифаќа потребата од изготвување на оваа Информација, но заради квалитетна подготовка побара Собранието да не ја става на дневен ред на 50-та седница, а по изготвувањето Владата ќе ја достави до Собранието во вообичаена собраниска процедура.

Врз основа на известувањето на Владата и согласноста на координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, Собранието на седницата одржана на 8 октомври 1992 година усвои заклучок со кој оцени дека е потребно Владата на Република Македонија да изготви и за наредната седница на Собранието да достави Информација за разговорите меѓу претставниците на ПДП-НДП, Владата на Република Македонија и Европската економска заедница.

Од таа причина, оваа информација е внесена во Решението за свикување на 51-та седница на Собранието.

Меѓутоа, до почетокот на седницата на Собранието ваква Информација Владата на Република Македонија не достави до Собранието.

Молам, претставник на Владата да образложи од кои причини оваа Информација сеуште не е доставена до Собранието.

Има збор министерот за односи со странство Денко Малески.

**ДЕНКО МАЛЕСКИ:**

Владата заклучи дека најдобро е тој проблем да оди во редовна процедура што ќе рече да се разгледа на Комисијата за односи со странство каде што ќе бидат присутни претставници на сите партии и каде што ќе бидат присутни експертите и претставниците на

Владата и другите страни кои учествуваа во женевските преговори. Дури откога таму на маса ќе се разговара за тоа, треба да се оцени дали со таа тема треба да се оди пред Парламентот.

Инаку, Информацијата е изготвена, се разгледа на Владата и е прифатена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира Информацијата ќе мора да биде во постапка така надлежната комисија да ја разгледа, нема никакви проблеми. Нека Информацијата се испрати, да ја упатиме до Комисијата и комисијата да ни даде став како да се постапи.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ние како пратеничка група поднесов- ме барање 50-та седница да се дополни со две точки на дневниот ред и тоа под наслов "Информација во врска со соопштението од прес конференцијата на НДП под наслов "Договорена конфедерализација" објавена во весникот "Вечер" од 3 и 4 октомври 1992 година" и "Информација за состојбите и статусот на бегалците од Босна и Херцеговина во Република Македонија".

Ова наше барање за поставување на дневен ред не беше ставено на 50-та седница со образложение дека на наредната седница ќе се изготви Информација и истата ќе биде ставена на дневен ред.

Оттука и писмото кое што го достави Владата до претседателот на Собранието е токму во таа насока дека треба да се изготви

Информација и да се стави на наредната седница. Јас сметам дека наредна седница е 51-та, токму оваа седница, а не она што го дава министерот Денко Малески, бидејќи од дописот на Владата до претседателот недвосмислено произлегува дека треба на оваа седница да се расправа токму по овие две информации.

Оттука, за мене не држи образложението што го даде господинот Денко Малески бидејќи имаме една писмена обврска на Владата дека треба на наредната седница а тоа е 51-та седница. Во која постапка и која процедура Владата требала да води сметка на времето кога го давала одговорот по нашето барање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали вие господине Стефковски предлагате да се стави на дневен ред денес?

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Да, предлагам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го давам на изјаснување предлогот на господинот Стефковски, оваа Информација да се стави на дневен ред на денешната седница. Тоа не значи дека таа и денес ќе се расправа. Ако стигнеме, ќе расправаме. Може да се изведе постапка во Комисијата и може Комисијата да ни каже после како да постапиме, дали да расправаме, дали да ја симнеме итн., само тоа не би сметало ништо.

Молам, кој е за предлогот на Стефковски, да крене рака.

36 пратеници гласаа за предлогот.

Констатирам дека овој предлог на господинот Стефковски не е усвоен.

Ве известувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дос- тави. барање за дополнување на дневниот ред на оваа седница со Информација за забранетиот пат Кула-Здуње.

Ова барање е доставено до сите пратеници и до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија извести дека Информацијата ќе биде доставена до Собранието за наредната седница, откако надлежните органи ќе ја изготват.

Дали координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се согласува со известувањето на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници во врска со нашето барање на денешна- та седница да се стави прашањето за отворањето на дел од забранетиот пат Кула-Здуње остануваме на нашиот предлог и редно е веќе, после една година а можеби и повеќе откако постојат тие барања и иницијативи на граѓаните од Поречјето да се разреши овој случај ќе го наречам, бидејќи повеќе од 45 години овој пат е забранет за комуникација на жителите од Поречје со Скопје. Не сакам да ви објаснувам што практично значи тоа, туку тоа значи едно онеправдување на граѓаните бидејќи се принудени да вршат 200 км. за да стасаат до своите села во Поречјето, а едноставно се работи само за 12 км. забранет пат кој што навистина ако се отвори, развран, нема да знаеме зошто е забранет. Едноставно ќе го спречиме револтот кај граѓаните и време беше после година дена Владата да излезе со една информација и да каже што е состојбата, го пуштаме или не за слободно

движење овој пат. Морам да ви кажам дека граѓаните се почесто присутни во Парламентот со групи и делегации, имаат Иницијативен одбор и тие постојано инсистираат и апсолутно се во право дека ако веќе не можеше Владата да го реши нивното прашање, да се настапи со една Информација токму овде на Парламентот, да расправаме и да видиме зошто ова се работи една година и не се дозволува отворањето на патот.

Оттука, сметам дека она што се предлага, неспособноста да се подготви Информација и да се даде на оваа седница навистина зачудува секого. Ние ќе го стишиме револтот на тие граѓани доколку биде на дневен ред на денешната седница.

Во таа смисла и предлогот на Владата,писмено што сме из- вестени, за оваа седница и сега се се случува, Владата не знае која е таа наредна седница, а ние пишуваме во писмото за 51-та седница. Според тоа, ние сме многу јасни, а некој изгледа не е јасен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, не треба да отвораме расправа по ова, јас го прашувам него бидејќи е предлагач. Тој е во друга ситуација од сите вас другите.

Предлагам да го ставиме на изјаснување предлогот на Томислав Стефковски.

Кој е за, молам да крене рака?

(Во салата се слуша реагирање од некои пратеници).

Ама нема зошто, ќе си гласате, тој е предлагач. Сега имаме предлог, тој не го повлекува, изјаснете се, кој е за, нека крене рака. (Повторно реагирање во салата). Добро, во тој случај отвораме расправа по предлогот на господинот Стефковски. Прв се јави господин Ханџиски. (Повторна реакција во салата). Ве молам, не ми дозволувате да ја водам седницата. Прво се јави за збор господинот Ханџиски, па Јованов, па Стојковски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ: (**Продолжение) .

Господине претседателе, Ви се молам почитувани пратеници не е расправа во прашање, имам еден предлог. Со оглед на тоа што случајно поминувајќи на тој терен имам информација дека Комисија помина таму и дека имаат припремено информација, а не се тука претставниците на Владата, кои што можат да се произнесат. Дајте ова барање да го одложиме и при крајот на утврдувањето на дневниот ред кога ќе дојдат претставниците на Владата да можат да се изјаснат, да не пресекуваме сега, ако стварно има информација може да гласаме да влезе на денешната седница. Значи, не станува збор за расправи или незнам за што друго, имаме можност да го решиме прашањето така како што ќе биде најповолно и за луѓето што имаат барање и за нас.

**СТОЈАН АНД0В:**

Ама предлогот е да влезе на дневен ред, а не да го решаваме и како ќе го решаваме.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Мојот предлог е потполно јасен. Да не одлучуваме во овој момент да причекаме при крајот на утврдувањето на дневниот ред да стигне Владата. Зошто,има информација.

**СТОЈАН АНД0В:**

Процедурално сака да интервенира господин Стаменов.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас мислам дека се разбравме. Ако сакаме материјална расправа да влезе во дневен ред или не. Ако ова прашање после три дена дискусија не влезе во дневен ред,зашто да дискутираме.

Мислам да му дозволиме на претседателот на Собранието да ја води седницата. Не може да дискутираме ако не влезе на дневен ред. Нема што сега да се изживуваме овде на оваа говорница. Ако прашањето е поставено да влезе во дневен ред, да се изјасниме дали сме да влезе или да не влезе во дневен ред и да заврши, па друго, трето прашање, така што- да го завршиме предлогот навреме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам и деловнички тоа е исправно имаме овде предлог за дневен ред и предлагачот не го повлекува. Собранието може само да се изјасни. Вие ако имате мислење ќе си гласате по тоа прашање. Молам, не треба друг да образложува негов предлог.

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

Верувајте, како граѓанин нешто не ми е јасно. 12 км во 21-век овде во близина на Скопје што се крие во таа планина. Верувајте, дали е само патот спорен или е:нешто сокриено внатре. Човек да се чуди за 12 км пат толку нешто да се прави некоја полемика. Верувајте дека ќе испадне дека во планината имаме нешто сокриено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Јованов, ако го ставиме на дневен ред се ќе разбереме, ако не го ставиме на дневен ред на идната седница ќе разбереме. Зошто компликувате сега.

Не може на господин Јованов да му дадеме збор, а на господинот Стојков да не му дадеме збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас почитувани пратеници, прво и прво не се сложувам со информацијата дека Владата подготвува информација. Треба вие како

пратеници да знаете дека ова прашање е присутно повеќе од година и половина. Комисијата за општествен надзор и претставки изврши, исто така, пред некаде година и половина увид во таа состојба и има донесено и поднесено одредена информација. Исто така и бирото за претставки при Владата на Република Македонија за оваа проблема- тика ја има подготвено целата документација. Меѓутоа, што е суштина- та? 45 години се води еден пат дека е забранет без никаква законска регулатива. Во мај месец 1991 година е донесена со одлука...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не треба да расправаме господине Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Се извинувам, јас морам да кажам зошто тврдам дека Владата на некој начин и пратениците ги доведува во една несакана положба, а и граѓаните кои се носители на оваа претставка. Тврдам одговорно дека 45 години тој пат без никаква законска регулатива е забранет,а е забранет од мај месец 1991 година со одлука на министерот за народна одбрана господинот Дамјановски. (од пратениците се слуша гласови за гласање).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како сега да гласаме, откога едни кажаа. Ви велам немојте да ме доведуваат во оваа ситуација..., самите си се доведувате во невозможна ситуација. Дозволете, затоа е претседателот да му се овозможи да ја води седницата. Не може така, така не бива, верувајте. Не е во ред, ви укажувам на тој начин отстапуваме од некои принципи.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Јас мислам дека имав еден целисходен предлог, меѓутоа, гледам дека има отпори. Во името на пратеничката група на СДС предлагам веднаш да гласаме и да го поддржиме предлогот да влезе на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали има други предлози? (Нема).

Бидејќи нема други предлози, пред да минеме на гласање само да ве известам група граѓани од Порече беа кај мене и јас си дозволив да пишам писмо до Владата кое ќе ви биде по тој повод поделено овде со материјалите што ќе бидат доставени.

Кој е за предлогот на господинот Стефковски да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Кој е против? (4 пратеници).

Констатирам дека овој предлог е прифатен.

Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров предлага Собранието по итна постапка да го донесе Законот за финансирање на изградбата на втората фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро.

Предлогот на овој закон ви е доставен.

Го молам пратеникот Тодор Петров ... (не е тука Тодор Петров)г да ја образложи итноста од донесување на овој закон.

Молам, претставник на Владата да каже дали прифаќа по итна постапка овој закон сега да биде и какво е мислењето.

Молам, од Владата претставник да дојде на говорницата и да каже дали прифаќа ова да се уврсти во дневниот ред како итно. Овде треба да биде надлежен министерот за:. финансии, бидејќи предизвикува  (еве го и претседателот), одредени билансни прашања дали се согледани. Молам,

еве ги и министерот за финансии и претседателот на Владата е тука. Молам, ќе прочитам уште еднаш Ве известувам дека пратеникот Тодор Петров предлага Собранието по итна постапка да го донесе Законот за финансирање на изградбата на II фаза на системот за заштита на Дојранското Езеро. Предлогот на овој закон Ви е доставен. Бидејќи Тодор Петров не е тука и не може да ја образложи итноста но е образложена во текстот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Молам, дали прифаќате по итна постапка да го уврстиме во дневниот ред овој закон.

Господин Црвенковски, претседател на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Несомнено дека проблемот на кој што се однесува предлогот на господинот Петров е исклучително важен и сериозен и впрочем ова Собрание во неколку наврати до сега се разговарало за тоа, или по повод на некои информации, или биле поставувани пратенички прашања, а исто така и во Владата. Меѓутоа, сметаме дека овој проблем заслужува еден посериозен пристап и дека евентуално предложениот закон од страна на господинот Петров треба да помине низ една редовна процедура, а не по итна постапка да биде уврстен во дневниот ред, односно да се даде можност и Владата да го разгледа, соодветните комисии онака како што сме работеле и за други закони.,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров законот да се донесе по итна постапка, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

25 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои Предлогот на пратеникот Тодор Петров.

Пратениците Алил Џаферовски, Панче Минов и Џелил Таири како членови на Повремената комисија за испитување на околностите околу протестите собири во с. Куклиш, Радовиш и Скопје доставија допис во кој меѓу другото бараат да се изврши измена на одлуката за основање на повремената комисија заради сменување на раководителот и за определување рок за доставување извештај до Собранието.

Предлагам со ова барање да го дополниме дневниот ред.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господинот Тодор Петров не е тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точно е тоа дека господинот Петров не е тука, меѓутоа точни се и интервенциите на пратениците кои се тука.

Господинот Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Покрај иницијативата на Комисијата која што е формирана да се донесе таква одлука, јас уште во месец август имам поднесено барање да се уврсти оваа точка на Педесеттата седница, но бидејќи Педесеттата седница беше од посебен карактер и сега им е мислам редот на 51-та седница. Неминовно да се расправа. Тоа што не^е - овде пратеникот Тодор Петров, тој ќе има шанса да се изјаснува во текот на расправата кога ќе се донесува оваа::одлука. Сметам дека е неминовно да се стави и да се одлучува по ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот,молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека барањето на пратениците за измена на одлуката за основање на повремена комисија, заради сменување на раководителот Тодор Петров и за определување рок за доставување на извештајот до Собранието е внесено во дневниот ред.

Според тоа, за денешната седница... Ве молам имаме денес во 10,45 часот добиено предлог од пратеникот Голубовски Одлука за формирање одбор за одбележување и прослава на 100-годишнината од основањето на ВМРО. Мислење на Владата немаме по ова прашање.

Дали Владата го доби предлогот? сега потпишав писмо.

Дали Владата има мислење по ова? (Не можевте да изградете мислење).

Добро, еве Владата нема мислење по тој предлог.

Молам, кој е за предлогот?

Молам, не може да изградите едноставно, нема време.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас го молам претседателот на Собранието да употребуваме точни формулации, не е точно дека Владата нема мислење и дека не може да изгради мислење. Точно е тоа дека Владата сега на маса го доби тој предлог и заради тоа не можеше да даде свое мислење. А не заради тоа што не може или не сака да даде мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас кажав дека сега потпишав писмо со кое се упатува до Владата и тоа е јасно. И сосема јасно е речено тоа.

Господин Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Бидејќи забележав дека малку од пратениците погледнаа на четвртата страница каде што е образложението, а е кусо, а и тоа е мое деловничко право да го образложам и предлогот. Основањето на ВМРО на 23 октомври 1893 година во Солун е зачеток на идејата за самостојна и суверена македонска држава. Тоа е настан од исклучителна историска важност на целиот македонски народ и е сопственост на сите македонци без разлика на нивната идеолошка определеност. Затоа, одбележувањето и прославата не можат да бидат привилегија само на политичките партии и здруженија кои кратенката ВМРО ја содржат во еден дел на своите имиња.

Прифаќањето: на Република Македонија да ја презене организацијата за државно одбележување и прослава на овој светол датум, директно придонесува за зацврстување на македонското национално единство, што е од особено значење за консолидација на Република Македонија како самостојна и суверена држава.

Молам, пратениците сериозно да ги прифатат наодите во образложението и очекувам Предлогот да се прифати и да се стави на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По ова немаме расправа, молам, да не расправаме, имаме предлог.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Јас морам да го исправам колегата Голубовски дека се работи за тајната македонска револуционерна организација, која што е формирана на денешен ден и затоа мислам дека треба да се прифати. Не е точно дека е формирана на 2 3 октомври.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на Голубовски да се уврсти во дневниот ред, нека крене рака.

46 пратеници гласаа за предлогот.

Според тоа, е усвоен предлогот.

Според тоа, за денешната седница, го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог за донесување на закон за личното име.

2. Предлог за донесување на закон за народниот правобранител.

Ве молам, не стигнаа службите да ми укажат дека предлогот за донесување на закон за народниот правобранител од Комисијата не е успеано да се уредат работите, затоа што комисиите до доцна имаат работено вчера.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Комисијата за внатрешна политика на вчерашната седница заклучи да му предложи на Собранието да ја одложи расправата од 51-та седница на Собранието по Предлогот за донесување закон за народниот правобранител. Од причини што Владата на Република Македонија го повлече доставеното мислење по овој закон, а до почетокот на седницата не беше доставено ново мислење,од Владата. Станува збор за мислење од старата Влада.

Исто така, на седницата на Комисијата од објективни причини не беше присутен пратеникот Зоран Крстевски како предлагач на Пред- логот на законот за народен правобранител.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова да го одложиме за една од наредните седници.

3. Предлог за донесување на законот за празниците на Република Македонија.

4. Предлог за донесување закон на јавните собири.

5. Предлог за донесување на закон за осигурување на имоти и лица.

6. Нацрт на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал со информација за примената на законот на општествениот капитал во стопанството на Република Македонија до крајот на 1991 година.

7. Предлог за донесување на закон за национализација на целокупниот движен и недвижен на општествено - политичките и други организации што се укинати или чија што функција престана со амандманите 57 до 80 на Уставот на Република Македонија од 1974 година - со предлог на закон.

И оваа има различни ставови на комисиите. Владата уште нема мислење и тоа беше причина комисиите да заземат поинаков став. Меѓутоа, бидејќи вчера работеа до доцна комисиите, некои работи не се внесени точно. Молам, дали можеме по ова прашање да се произнесеме. Или да остане на дневен ред, па тогаш кога ќе дојде на дневен ред да констатираме? Се согласуваме.

8. Предлог за донесување на закон за избор на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон.

За збор се јави госпоѓица Гулистана Јумеровска.

**ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, предлагам Предлогот на закон за избор- на претседател на Република Македонија со предлог на закон да не биде на денешнава седница, да биде заедно со седницата на која што ќе го гледаме изборниот закон односно законот за избор на пратеници на Република Македонија, бидејќи модалитетот и начинот на изборот на пратеници, ќе има и посредно влијание на изготвувањето на овој закон за избор на претседател. Така, предлагам овие два закони да одат во пакет. Според тоа, предлагам Собранието да се изјасни со гласање да не биде на денешнава седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, во ова, во овој правец беа и повеќе расправите во комисиите. Само да ве потсетам.

Молам, дали се прифаќа овој предлог?

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, овој закон си е доставен во редовна процедура, а и како што знаете по иницијатива на самиот претседател на Република Македонија господин Киро Глигоров. Јас не гледам од предлогот на Гулистана Јумеровска, дека навистина овој закон треба да се носи во пакет. Ние имавме толку важни закони за оваа Република Македонија, системски закони кои требаше и за толку важна и толку даден публицитет на 41-та седница, која и сеуште е одложена, а не се донесени, мислам дека нема никакво влијание тој закон за из- бор на пратеници со Законот за изборна претседател на Република Македонија. Затоа што овој закон третира посебна материја, а она што не ќе се регулира со овој закон едноставно со една клаузула може да се каже во овој закон дека ќе важи законот за избор на пратеници и свршена работа.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ** : (Продолжение)

Нема никаква дилема, затоа што ова е краток закон и требаше да се донесе уште во составот на поранешната Влада, а не ние чекаме од одредено мислење и од наредната Влада, па и тоа да биде негативно. Затоа ве молам и инсистирам заради полно недоречености кај нас во РМ, заради неуставна поставеност, ве молам овој закон денеска да биде ставен на дневен ред, а во образложението кое ќе го дадам лично мислам по претресот по точката 8 од овој дневен ред ќе дадам пошироко образложение зошто го доставив овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, предлогот на господинот Котевски во дневниот ред да се уврсти точка - Предлог за донесување на закон за избор на претседател на РМ, со предлог на закон беше уврстен во решението. Според тоа, ние сега се изјаснуваме за дополнителниот предлог на госпоѓица Јумеровска.

Кој е за предлогот на г-ѓица Јумеровска овој предлог на Котевски да не биде уврстен сега на дневен ред, туку да дојде заедно со другите изборни закони.

Кој е за молам да крене рака? (61)

61 пратеник гласаа за овој предлог.

Според тоа, предлогот на г-ѓица Јумеровска е усвоен. Одиме понатаму.

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на протоколот за соработка во областа на безбедноста меѓу МВР на РМ и Министерството за внатрешни работи на Република Турција, со предлог на закон.

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Протоколот за соработка во областа на безбедноста меѓу МВР на РМ и Министерството за јавен ред на Албанија и Националната информативна служба на Албанија, со предлог на закон.

11. Предлог на закон за семејството

12. Предлог на закон за Републичкиот судски совет

13. Предлог на закон за судовите.

14. Предлог на закон за Јавното обвинителство

15. Предлог на закон за адвокатурата

16. Предлог на одлука за основање на Советот за меѓунационални односи

Ве молам предлагам само едно дополнување.

И јас и претседателот на Републиката добивме писмо од еден од кандидатите. моли да биде изоставен. Со тоа фактички не се создадени условите оваа одлука денеска да биде на дневен ред и предлагам да ја симнеме од дневен ред.

За збор се јави Неим Селмани. Но, ве молам не содржински, само процедурално

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, на дневен ред е точка 13 - Законот за судовите. Со оглед дека овој закон ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Изгледа не се разбравме добро. Јас зборував сега за точката 16 и се прифаќа точката да не ја разгледуваме^денеска.

Предлагам точката 16 - Предлог на одлука за основање на Советот за меѓунационални односи да не се уврсти на дневен ред денеска. Тоа важи за денеска, за денешната седница, а кога ќе дојде наредната седница, тогаш

ќе видиме дали ќе биде уврстена оваа точка на дневен ред или не.

17. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на постојана Анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот.

18. Информација за трипартитните разговори водени помеѓу Владата, ПДП-НДП и претставник на Европската економска заедница.

19. Информација за состојбата и статусот на бегалците од Босна и Херцеговина во Република Македонија.

20. Информација за состојбите во студентскиот стандард во Република Македонија, со предлог на мерки.

21. Барање на пратениците Алил Џаферовски, Панчо Минов и Џелил Таири за измена на Одлуката за основање на повремена комисија за испитување на околностите околу протесните собири во село Куклиш, Радовиш и Скопје заради сменување на раководителот и за определување на рок за доставување на извештајот до Собранието.

За збор се јави господинот Љубомир Поповски во врска со точката 19.

**ЉУБОМИР П0П0ВСКИ:**

Многу бргу ги поминавте точките, па затоа не успеав да се јавам кога ја читавте точката 19.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана на вчерашната седница не расправаше по информацијата за состојбите и статусот на бегалците од Босна и Херцеговина во Република Македонија од причини што оваа Информација не беше доставена до членовите на

Комисијата, како и врз основа на писмото во кое Владата го известува Собранието и истовремено предлага расправа по Информацијата да се води на затворена седница.

Имајќи го предвид горе изнесеното, пред се, известувањето од Владата и потребата од одлучување на Собранието по однос на предлогот на Владата, Комисијата заклучи да ја сочека одлуката на Собранието и врз основа на таа одлука дополнително да отвори расправа по Информацијата за состојбите и статусот на беглаците од Босна и Херцеговина во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ја прочитав одлуката но никој не се спротивстави.

Еве уште еднаш ќе прочитам - Информација за состојбата и статусот на бегалците од Босна и Херцеговина во Република Македонија.

Само едно појаснување. Во писмото на Владата стои дека е тоа од доверлив карактер. Ако биде уврстена на дневен ред, кога ќе дојде на дневен ред да расправаме по неа, Собранието мора да се изјасни дали прифаќа расправата да биде на затворена седница. Ако не прифати, а Владата останува на режимот дека е тоа од доверлив карактер, ја повлекува Информацијата и тогаш се договараме дали усна информација да дадат или прво ќе се даде на читање на пратениците под режимот кој го утврдила Владата, а потоа да одлучиме повторно дали да оди на расправа.

Според тоа, тоа нема влијание денеска да ја утврдиме на дневен ред, а тогаш ќе се произнесеме каков ќе биде односот по неа.

22. Предлог на одлука за изменување на одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

23. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на надворешни членови на комисиите на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници.

24. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комисијата за уставни прашања на Собранието на Република Македонија од редот на научните и стручните работници од областа на правото.

25. Предлог на одлука за разрешување и избор на член на Советот на Народната банка на Македонија.

26. Предлози на одлуки за именување членови на комисии за именување на индивидуални работоводни органи.

27. Предлози на одлуки за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување.

28. Предлог на одлука за давање согласност на одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Институтот за старословенска култура - Прилеп.

29. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган - управител на 003Т Национален парк "Пелистер" - Битола.

30. Предлог на одлука за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на РО Национални паркови "Иловишта" - Скопје.

31. Предлог на одлука за именување членови на Комисијата за именување индивидуален работоводен орган – декан на Електротехничкиот факултет - Скопје.

Понатаму, овие кои во меѓувреме ги утврдивме, едната ја прочитавме, предлогот на ВМРО-ДПМНЕ за патот Здуње - Кула и Предлог одлука за формирање одбор за одбележување и прослава на 100-годишнината од оснивањето од ВМРО-ДПМНЕ.

За збор се јави господинот Неим Селмани по точката 13.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Овој закон е ставен на дневен ред. Повторувам дека овој предлог-закон односно нацртот беше предложен од старата Влада, а ние немаме доволни докази дека овој закон е разгледан во сегашната Влада, мада ги имаме амандманите во уводниот дел до законот. Иако по нацрт-законот имаше доста забелешки и предлози од ова Собрание тие да бидат земени предвид, но при изготвувањето на Предлогот на закон тие не се преземени.

Ако направиме друга споредба од извештајот кој е правен од Окружниот суд - Скопје и извештајот од правосудството на Македонија ќе видиме огромни разлики кои ги сметам за битни за одлучување денеска колку вакви подрачни судови ќе имаме во Македонија. Мислам за да ова Собрание не биде ставено во заблуда тоа е битно за одлучување и предлагање на повеќе виши судови во Македонија. Па предлагам овој закон на денешната седница да се повлече од дневниот ред, па откако Владата ќе ги направи ваквите споредувања од податоците на извештајот за работата на судот во 1991 година од Окружниот суд Скопје I и извештајот на правосудството, ќе видиме дека има огромни разлики. Некаде се поклопува и со 50%, а врз база на вакви податоци ние ќе бидеме во состојба да отвориме дебата и да расправаме, а и да предлагаме на повеќе места виши

судови оти овие не се земени предвид. Оттука произлегува дека овој текст е од старата Влада со оглед да во образложението на текстот не стои дека се земени предвид односно кој биле појдовните основи за предлагање на ваквите виши судови. Ако тргнеме од ова ќе видиме дека Окружниот суд Скопје I односно II со другите подрачни судови во Окружниот суд ќе видиме дека 75% се прифатени од овој суд, мислам целокупната работа односно надлежноста му припаѓа на овој суд.

Ако била намерата овој суд да се разреши односно создаваме повеќе судови каде економичноста ќе биде пооправдана, тогаш ова не е причина, ако е така, тогаш ќе остане само еден суд односно ќе правиме повеќе судови ако е тоа намерата на Министерстовот за правосудство. Мислам дека~ би било добро овој закон уште еднаш да се врати на Владата, да се проучи со конкретни показатели за оправданоста на ваквите судови, а потоа ќе одлучиме дали треба да се стави на дневен ред или не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали претставникот на Владата го прифаќа овој предлог?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа овој предлог и веднаш да кажам дека Владата го гледаше амандманот поднесен на членот 18 и има свое мислење кое ќе биде поделено. Исто така да кажам дека Владата го гледаше Законот и стои зад тој закон како што е предложен, а сите амандмани ќе бидат во постапка и пратениците ќе можат да се произнесат во врска со нив.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за амандманите не зборуваме, туку само дали да остане на дневен ред или не. Сепак господинот Селмани е предлагач на овој закон. Тој го даде овој предлог.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Мислам дека амандманот е сосема друго прашање, кога ќе се расправа по амандманот тогаш ќе кажеме дали се усвојува или не се усвојува. Меѓутоа, овде е процедурална работа. Имаме аргументи за тоа и така дискутираме сега.

Само ако земеме дека во 1991 година во извештајот на Правосудството стои дека во Општински суд Скопје I има решено 60 илјади предмети, толкав бил приливот во целата измината година, а ако погледаме во извештајот на Правосудството, таму стои 34 илјади. Тоа е само еден пример. Или да земеме случај со Тетово. Во Тетово во 1991 година по извештајот на Окружниот суд Скопје I стои дека има решено 16 илјади предмети, а во извештајот на правосудството стои 9 илјади решени предмети. Има ред такви грешки кои сметам дека се од битно значење за да можеме денеска да одлучиме колку подрачни судови ќе имаме во Македонија. Далеку од тоа дали ќе расправаме по амандманот или не, тоа е сосема друго прашање, само по однос на овие податоци ако има мислење да се искаже. Јас ги имам и едните и другите податоци тука.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Сега и мојот предлог е идентичен, бидејќи бившата Влада не достави доволно аргументи за основање на виши судови во источниот дел од Републиката каде има предлагано такви судови, а не се основаат такви

судови во еден друг дел од Републиката каде бројот на предметите е скоро ист. Затоа предлогот беше на место Владата да излезе со конкретни аргументи зошто предлага основање на виши судови на одредени подрачја, а зошто не сака да прифати на други подрачја. Не се работи тука за амандман, туку за принципиелна работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме предлог да се одложи оваа точка од дневен ред.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (15)

15 пратеници гласаа за предлогот, констатирам дека предлогот не е усвоен.

Видете господа, овие прашања за кои сега се расправаше можат да се расправат во општиот претрес по законот, така што не мора да биде пропуштено тоа да се расправи.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Ние мора еден ден сериозно да разговараме за некои работи.

Прво, ги повикувам претставниците на партиите кои се во коалиција да размислат сериозно дали се во коалиција или не се. Тоа е точно, бидејќи тука очигледно се гледа кога се предлага прослава на ВМРО-ДПМНЕ и Реформистите гласаа за ВМР0 и социјалистите. Треба сериозно да размислиме за тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вакви интервенции не треба да се вршат од говорниците по ова прашање, треба да се изнесат само по конкретните прашања.

Дали уште некој има нешто по предлогот на дневниот ред?

За збор се јави господинот Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, за денешната седница на Собранието на РМ предлагам поместената точка во материјалот под точка 6 Нацрт на закон за трансформација на претпријатијата од општествена сопственост со Информацијата да се помести како посебна точка од дневниот ред вака дополнет и изменет дневниот ред да биде последна. Причина поради тоа што има доста материјали кои се дадени и кои треба да ни одземат прилично време, а имаме закони и други одлуки кои треба да се донесат по итна постапка. Заради тоа, бидејќи е нацрт. да биде последна точка така ќе бидеме поподготвени за расправа.

Додавам за денешната седница да биде на дневен ред - Информација за остварените резултати во производството, пласманот, преработувачката, кредитирањето и обезбедувањето на средства за плаќање на земјоделските производи од родот за 1992 година. Оваа Информација по мое барање беше изготвена, меѓутоа не дојде на дневен ред. А, бидејќи времето изминува, барам на денешната седница да биде ставена.

Под точка 2 да се додаде во дневниот ред некаде во последните точки - Информација за извршувањето на програмата за подготовките и развојот на земјоделието. И оваа Информација по мое барање е изготвена, меѓутоа, не знам од кои причини не се става на дневен ред заради тоа што времето изминува иако оваа програма ја донесе Владата, меѓутоа е

интерес на граѓаните што оваа Програма мислам дека не се остварува во потполност, па граѓаните да бидат информирани по оваа информација. Затоа предлагам овие две точки да влезат во дневниот ред на денешната седница на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, имаме сега два предлози за дополнување на дневнио1 ред, а еден предлог за редоследот.

Молам, кој е за предлогот за дополнување на дневниот ред да крене рака? (4)

Констатирам дека предлозите на пратеникот на Тодосија Паунов не се прифатени.

За редоследот после ќе расправаме.

За дополна на дневниот ред се јави господин Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас немам предлог за дополнување на дневниот ред, но сакам да потенцирам дека точката која тука гласи во предлогот Информација за трипартитните разговори водени помеѓу Владата, ПДП-НДП и претставник на европската заедница, како таква со овој назив, за мене е неприфатлива. Имено, не може да стане збор за трипартитни разговори, можеби е тоа печатна грешка, се мислело на трипартитни, но не може исто така да биде збор, туку оваа точка од дневниот ред потребно е да гласи ориентационо вака, Информација за разговорите водени помеѓу .... итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде е внесена така како што е предложена. Предлагачот може да ја измени. Ние сега н еможеме да ја менуваме. Тоа може да биде и друга материја.

Што мисли предлагачот?

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Сакам да укажам дека е во право пратеникот Бошков, во нашиот предлог не стои тој збор што се употребува "трипартитни" итн. Ние бараме Информација за разговорите. Во тој случај забелешката искажана од господинот Бошков да се избрише само зборот "трипартитни" .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Стои или не стои, тоа ќе видиме, но штом предлагачот вака го дефинира предлогот, тогаш тоа е предлог. Немаме предлог за што да се изјаснуваме.

Господинот Паунов, веројатно сака нешто да дообјасни.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Барам пратениците да се изјаснат, во ек е есенската сеидба. Нема нафта, нема механизација, нема резервни делови, нема семе, проблемите во стопанството остануваат не посеани нивите, ако не посеме нема да жнееме.

Барам со гласање да се изјаснат по овие две информации да расправаме на денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што ќе каже Владата по предлогот на Тодосија Паунот.

(Од салата се слушаат дофрлувања дека веќе е гласано)

Ние гласавме а сега тој дополнителни образложенија дава Четири гласа беа за.

Повторно го ставам на гласање предлогот на господинот Паунов.

Молам, кој е за нека крене рака? (48)

Ве молам, сите присутни да ја следат постапката.

Треба да се следи постапката. Ние гласавме а сега друкчие се гласа.

Има збор господин Маленковски

**ГОРГИ МИЛЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, овие прашања на претходната седница на Комисијата за земјоделство ги расправавме. Имаше повеќе барања, меѓу кои и од Тодосија Паунов и од Тодор Петров и од други. Се бараше

поединечно за земјоделски култури да се изготват информации и да се расправа. Меѓутоа, овие изготвени информации Комисијата оцени дека не се целосни и затоа предложи Комисијата Владата да изготви целосна информација во областа на земјоделието и да расправа Собранието по тоа.- Затоа што за есенската сеидба ако расправа посебно, а таква информација немаме сега, второ за

Програмата за поттикнување на земјоделството таа е само еден дел со поттикнувачки мерки затоа Комисијата предложи да не се расправа на оваа седница додена се добие целосен материјал за вкупните состојби во аграрот со предлог на мерки за решавање на овие проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, меѓутоа треба да интервенирате на време кога овде расправаме.

Збор побара господин Трајковски,, очигледно во врска со расправата со Комисијата на која е тој член.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Точно е дека нема комплетна информација, но како што доаѓаат информациите од Владата можат да поминат месеци. Особено кога е сега сеидба кога деновиве започнува откуп на тутунот.

Ние имаме и два барања, мое и на господинот Зафиров во врска со кредитно монетарната политика за откуп на некои култури. За тоа до ден денес немаме никакви информации добиено. Сите работи се одвиваат, а после е доцна. А, кога ќе дојде не ми се верува дека и за наредна седница може да биде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да укажам и затоа реков дека некој од Владата да стане и да каже, во овој момент, освен информациите што ги имаме, немаме други. А, за нив веќе прочитавме на почетокот дека Комисијата оценила дека не се комплетни и треба на една од наредните седници да дојде комплетна информација. Со предлог мерки ја задолживме Владата. Тоа го усвоивме

овде. Повторно, има право господинот Паунов да настапи овде и да предложи друга солуција, да даде друг предлог. Веројатно затоа гласавте само четворица за тоа. Но, што стана со пратениците кога повторно гласаа 4 8 гласа, тоа незнам. Затоа ве молам по ова прашање се изјаснивме.

Има право човекот да каже, и му давам збор на господинот Панов.

**ТОД0СИЈА ПАУНОВ:**

Драги дами и господо, дали сме свесни, дали сме виделе што се работи доле во полето, што работат нашите граѓани токму во ова време. Дали знаеме дека грозјето се откупи и еден дел не е платено. По која цена се откупи грозјето, кој курс беше на мар- ката. Беше 360 а сега 600 денари. Кој ќе ја плати разликата за платеното? Затоа барам да расправаме. Дали оризот се откупува или не? Каде се сместен, каде стои, во кои складишта? Дали есенската сеидба е подготвен и направена или не? Мене информација не ми треба во месец март, април кога ќе се заврши работата. Ми треба информација денеска кога работата е во ек, кога сеидбата е во ек, тогаш.

Јас мислам дека носиме одговорност за ваквите состојби што ги имаме. Сигурно нашиот производител не ги направи овие зат- ворени пазари, затворени граници. Нашиот граѓанин имаше пласман, меѓутоа некој му го скрати тоа право па да нема ниту пласман ниту средства за живот. Мислам дека правиме неправда ако одлагаме за друга седница. Јас незнам кога другата наредна седница ќе се одржи. Знам денеска што се работи и што треба.

На прагот е откупот на тутунот. Граѓаните вложиле не мали средства за производство на тутун, а сега дали ќе добијат средства или не?како им е на тие фамилии? сакале или не мораме да признаеме дека сме сеуште

аграрна, земјоделска земја и дека мора да дадеме примат на прашањата од земјоделието и дека мора повеќе да се занимаваме и повеќе да имаме информации во текот на работењето, во текот на годината за земјоделието. Мислам дека и даноците и другите придонеси што ги имаме, ги имаме од земјоделието а на тоа не полагаме никаков рачун.

Бев краток кога образложив зошто барав, меѓутоа изгледа треба да објаснам. Недоволно е објаснето. Информациите, овакви какви се направени да ги разгледаме, дополниме, донесеме заклучоци. Нам не ни требаат такви информации убаво направени, меѓутоа ако производство не посееме, нема да жнееме..:

Затоа бев малку поопширен. Мислам дека 4 8 пратеници гласаа и дека е ставено на дневен ред, дека е усвоен дневниот ред по овие две информации за пласманот и извршување на есенската сеидба откупот во врска со земјоделството дека е прифатени и Програмата за поттикнување и развој земјоделието, дека се прифатени, изгласани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За програмата немаме и материјал.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со должно почитување кон предлогот на господин Паунов, но после излагањето на претседателот на Комисијата за земјоделие сметам дека овој пристап е многу несериозен заради тоа што немаме информација и незнам за што ќе расправаме. Се плашам дека се точни критиките дека ова Собрание како законодавна власт ги презема ингеренциите на извршната власт. Мислам дека треба да се внимава на овие работи, да не се мешаме онаму каде не ни е место.

Ако е договорено, ако е побарано да се изготви целосна Информација, тогаш нема никаква причина денеска да отвораме расправа по овие прашања. Немој да се делат луѓето овде на тие кои се за земјоделието и против земјоделието. Такви овде, во оваа сала, сигурно нема.

Есенската сеидба е пред крај и јас мислам ако земјоделците чекаа од нашите дискусии, земјиштето ниту ќе го посееја ниту ќе беше посеано. Никаква причина нема брзоплето да се влегува во вакви расправи од маркетиншки карактер заради добивање некаков рејтинг пред земјоделците. Нема потреба да се става на гласање по втор пат бидејќи по таа логика треба сите точки да ги прегласаме Еднаш имаше 4 за и сега одиме повторно на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Трајковски.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Мислам дека овде демагогии не ни требаат. Не мисли никој на маркетинг. Јас би предложил, бидејќи ситуацијата е таква и во есенската сеидба и откуп на некои земјоделски култури, а бидејќи Владата нема подготвено комплетна информација, да ја задолжиме Владата што побрзо да ја изготви таа комплетна информации и овие денови да закажеме една седница или вонредна седница со точка на дневен ред - Проблеми во аграрот. Тоа е мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега имаме друга идеја да не се уврсти на дневен ред, туку наскоро да расправаме за аграрот.

Има збор господинот Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Најпрво сакам да му забележам на претседателот, бидејќи наместо да констатира резултати од гласањето по предложената точка отвори непотребна расправа. Мислам дека не требаше така да се направи.

Второ, независно од тоа дали Комисијата ги прифатила информациите или ги оценила како целосни или нецелосни, мислам дека ова прашање заслужува апсолутно внимание и од тие причини, бидејќи веќе и со гласањето ги потврдивме тие точки, предлагам една преформулација во смисла на тоа надлежниот министер со уврстувањето на точките во дневниот ред да даде усно излагање во делот што е преземано и што Владата додатно презема за квалитетно разрешување на овие две прашања,. од кои, како што слушнавме во образложението, многу зависат и резултатите.

Сигурно дека ние, како пратеници или Парламент ниту ќе садиме ниту ќе помогнеме на садењето. Меѓутоа, сигурно можеме со оценката што Владата чини и со одредени сугестии позитивно да влијаеме за успешно завршување на овие мошне важни прашања во делот на аграрот.

Од тие причини претседателот треба да ги констатира резултатите на гласањето, а во делот на понатамошната работа од овие две точки се залагам, надлежниот министер да поднесе комплетна информација.

(Од место се слушаат дофрлувања дека е веќе отворена расправа).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе ви кажам после. Секому пречи кога друг го крши Деловникот. Ако ми дозволите да работам како што треба, сите се лутите, но само така може да се работи. Инаку, штом ќе почне ,да отстапуваме, а сите вршите страшен притисок да се отстапи од деловникот, нормално, а се мислите тогаш онеправдани. Тоа е хаос, се разбира. Или Деловникот ќе се применува строго,ригорозно или настапува неред. Збор побара господин Горчевски.

**БОРИС ЃОРЌЕСКИ:**

Грешката ја повторуваме од минатата година. Ние правиме скроз обратно. Кога ќе жнееме да дискутираме за орање и за сеење, а кога ќе дојде време за орањето и сеењето ќе дискутираме за жнеењето.

Наполно го подржува предлогот на Паунов кој се из- гласа и влезе како точка во дневен ред за дискусија. Затоа, пак ќе повторам што тука Трајковски кажа, не сакам овде никакви демагогии туку да се зафатиме со она од што се храниме, а, се храниме од земјоделието. Од ништо друго. Треба малку да помислиме и на земјоделецот. Затоа денеска барав една информација, каква - таква да влезе на дневен рад.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Чекајте само еден момент, знам дек а и вие сакате да се уврсти, знам дека многу сакаме, само сакам да се разјасниме дека по истото прашање имаме три одлуки денеска на ова Собрание. Прва одлука кога ви објаснив што комисијата завзеде став и се изјаснивме по ставот на комисијата. Да подготви Владата информација и на една од наредните седници да дојде овде.

Повторно потоа дојде господин Паунов, предложи да се уврстат во дневниот ред неговите точки. Не сакав да го сечам, да видам како ќе реагира Собранието и четворица гласаа за.

Бидејќи човекот беше упорен, по истото прашање уште еднаш дојде овде, па 48 гласаа -за. Ве молам, ако не се држиме за Деловникот нема да работи Собранието. Така ќе работи, На тој начин ќе работи. Тоа е повеќе хаос отколку работа. Нема на селаните да им помогнеме на тој начин. Нема на земјоделците да им помогнеме, нема никому во Републикава да помогнеме. Така не се работи.

Имаме став од почеток. Има по повод на дневниот ред нешто што \кажа господин Трајковски. Тој не предлага точка на дневен ред туку предлага да се подготви на првата наредна седница, тој вели вонредна, Деловнички не постои вонредна седница, туку побрзо да се разгледа. Тоа е ставот на Комисијата. Така да направиме. Според тоа, втората одлука на Собранието што беше по ставот на Комисијата се усвојува и таа важи. Се ова друго е отстапување.

Молам, во врска со дневниот ред дали за тоа заклучивме.

Уште има господин Пановски, господин Голубовски и после од Владата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас имам два предлози за внесување точки во дневниот ред и ве молам, господине претседателе, после моето излагање да не се отвара расправа, туку да се гласа по моите предлози, со цел да бидеме поекспедитивни во нашето работење.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**:(продолжение)

Прво барам на денешнава седница да биде ставена информацијата околу проблемите со снабдувањето на нафта и нафтени деривати за која информација еднаш, пред неколку седници, барав тука , беше изгласано да има таква информација доставено, во меѓувреме падна Владата, дојде нова Влада и тоа така се затури. Ако не се лажам исто таква информација писмено бараше и цела пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ; па затоа мислам дека , а особено што ценам дека оваа седница ќе трае неколку дена не е лошо оваа точка да биде ставена на оваа седница како последна точка, а во меѓувреме Владата да изготви или писмена или усмена информација во врска со овие проблеми, за кои што мислам дека доста го оптоваруваат живеењето во нашата Република и функционирањето на стопанството, индустријата и на целокупниот живот. ^Во врска со вториот мој предлог за ставање на точка на дневен ред Собранието на РМ на седницата одржана на 23 јуни 1992 година, расправајќи по предлогот за донесување на закон за превземање на обврска за обезбедување на денарски средства за исплати по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија, усвои заклучок со кој во точката 6 Владата на РМ е задолжена да изготви и на Собранието на РМ да му достави Информација во која ќе бидат содржани имињата на пратениците и членовите на Владата од стариот и новиот состав, бидејќи тогаш имавме стара Влада, кои што имаат подигнато девизен влог во услови кога таа можност не била дозволена за останатите граѓани на Република Македонија. Владата на РМ постапувајќи по заклучокот на Собранието на 31 јули 1992 година, значи старата Влада, на пратениците им достави информација во која се содржани ставовите на деловните банки

во Републиката со кои што се укажува дека според важечките прописи во Републиката кои што ја регулираат оваа материја банките не смеат да даваат никакви податоци за штедните влогови за што истите претставуваат деловна тајна.

Бидејќи во доставената информација отсуствува основната цел со што практично не е исполнето барањето на пратениците содржани во точката 6 од заклучокот , бараме на првата наредна седница Собранието да ја задолжи Владата на РМ да изготви и достави информација во која ќе бидат содржани имињата и презимињата на сите пратеници и членови на Владата како од старата така и од новата влада и подигнале девизни средства во услови кога таа можност не била дозволена за останатите штедачи на РМ. Ова барање од Пратеничката група Илинден е дадено на 20 септември 1992 година, значи точно пред 45 дена до претседателот на Собранието на РМ. Јас очекував дека ова ќе биде доставено и вклучено во дневниот ред за денешната седница и навистина сум непријатно изненаден што тоа не е ставено на дневен ред.

Ќе кажам уште тоа дека деловни тајни, а по тоа се познати швајцарските банки, но во услови кога се вршат законски прекршоци и злоупотреби на високи републики функции, тогаш не постои таква можност тоа да им се ускрати на граѓаните, да знаат, според мене тоа е една особина за моралот, за карактерот на сите високи функционери кои што ја водат оваа Република. Мислам дека јавноста има право да ја добие вистинската информација , ќе повторам околу злоупотребата, на високите републички функционери, како пратеници, така министри во стариот и сегашниот состав.

Јас реков дека не сакам да се разводнува работата, барам по овие две мои информации да не се отвора дискусија и согласно Деловникот да се гласа.

**СТОЈАН АНД0В:**

Согласно Деловникот јас морам да ја прашам Владата, прво, тоа е согласно Деловникот.

Молам, претставник на Владата , можете ли да дадете такви информации денеска, на оваа седница? Двете информации.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Прво, едно барање од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ми се чини дека постоеше и тоа за давање на информација за состојбата со снабдувањето со нафта и нафтени деривати во Републикава од поодамна и тоа дојде до Владата на РМ. Ние тоа го погледнавме и таква информација подготвивме и го информиравме Собранието на РМ дека Владата е спремна да ја понуди таа информација, меѓутоа, со оглед на карактерот и некои податоци што во неа беа содржани, нашето инсистирање беше тоа да биде на затворена седница на Собранието на РМ. Потоа бевме известени од Претседателството на Собранието дека за таквиот карактер на седницата одлучува самото Собрание со 2/3 изјаснување што е во согласност со нормативната и дека не може однапред да се гарантира дека ќе се обезбеди затворен карактер на таа седница.

Информацијата постои со тоа што , нормално, тогаш кога ние ја подготвивме досега се променија низа работи и не гледаме никакви пречки за некои работи да бидат информирани и пратениците во Собранието, меѓутоа, повторно велам ако сакаме односно ако Вие сакате да добиете навистина квалитетна информација со бројки и податоци, тогаш ќе мора да

се договориме однапред дека тоа може тоа да се направи само на затворена седница. Ако сакаме во таа информација да бидат уврстени оние информации што се случуваат последниве денови бидејќи во таа сфера секојдневно настануваат промени во позитивен или негативен смисол, тогаш сепак ќе треба да ни дадете можност тоа да го направиме за наредната седница на Собранието. Инаку ако одиме на денешната ќе одиме со нешто постара информација, меѓутоа, велам под услов тоа да биде затворена седница. Тоа што се однесува до првиот предлог.

Што се однесува до вториот предлог Собранието може да одлучи вака или онака. Досега таква иницијатива до овој состав на Владата нема добиено. Таа иницијатива е испратена до претходниот состав на Владата и тие одговориле така како што одговориле, а Вие велите дека не сте задоволни со тој одговор. Во врска со тоа можам да го кажам следново: Владата нема ништо поголеми ингеренции од Собранието од аспект на прашањето што Вие го поставувате, да може да наметне став или да заповеда или да побара и обавезно да добие од деловните банки списоци за какви што овде стануваше збор. Такви ингеренции со уставната положба и со закон- ската регулатива на РМ Владата нема и Собранието не може да ја задолжи Владата да спроведе нешто за што нема законски овластувања.

Сосема е друго прашањето ако Собранието се одлучи да донесе акт со законска тежина и да се процени сега што тоа би значело сега се разбира, за да се дојде до списокот со личностите што тоа го направиле во тој период како што вие говоревте кога никој од граѓаните не можел да подигне девизни средства, а дека некои личности добиле. И тоа може Собранието да го одлучи, меѓутоа, однапред кажувам дека Владата доколку

ја задолжите нема законски овластувања тоа да го направи. Инаку, јас би бил многу радосен и љубопитен да го видам тој список ако постои можност и ако има спремност за таа работа не ја префрлајте топката на Владата, разговарајте овде во Собранието, создадете можности, а потоа задолжете не некои работи да ги направиме.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас се согласувам и ако треба како предлагач за оваа информација која се однесува на проблемите во врска со снабдувањето со нафта и нафтени деривати да биде на затворена седница, тоа мене ништо не би ми сметало и мислам дека треба на оваа седница ако треба и последна точка нека биде да изгласаме и да ја уврстиме на дневен ред од причина што по мене ценам дека е многу важно таа точка да биде на дневен ред со цел да заземеме ставови и мерки кои што ќе водат кон надминување на оваа проблематика.

Што се однесува околу вториот мој предлог јас ќе повторам и во Швајцарија која е најпозната земја како земја на банкарството за злоупотреби, за кршење на закони, за користење на својата висока функција, не постои таква банка што ќе ја задржи како тајна. Во тоа не може никој да ме убеди, јас останувам, и барам овој предлог односно двата мои предлози да бидат ставени на гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? Не по ова збор, овие два предлога ги давам на изјаснување.

Кој е за информацијата за нафтата да се даде денес и да се уврсти на дневен ред?

Кој е за, молам да крене рака? Седницата мора да биде затворена, бидејќи е од таков карактер. (пратениците гласаа) .

Како да одлучиме, немаме информација, ја има Владата старата информација. (некои од пратениците од место велат дека има информација). Нема. Добро, во ред е.

Ве молам, господин Крстески, па ве молам не ми дозволувате, вие сега така велите, по други прашања инаку велите. Сега еве тој така ќе настапува. Што да му правам. Ги менувате ставовите према тоа кој го предлага.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Претседателот кажа како да го прецизираме барањето, информацијата во однос на она за оние кои што ги подигнале штедните влогови. Јас мислам ако се прецизира барањето информација кој подигнал во периодот кога има упатство дека само за одредени, за најитни работи, тоа не е проблем. Од таен карактер е колку има на штеден влог штедачот, кој подигнал тоа се дава преку признаници кои што ги регистрира и платниот промет преку СОК, кои подигнал во времето кога имало упатство за ограничено користење на штедните влогови. Значи, кој подигнал фактички, а тоа и банките го знаат, а Владата посредно преку банките може да го побара. Јас сакав да помогнам на претседателот, а Вие се враќате и велите дека сметам. Тоа не е ни забрането.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, може ли така да го преформулираме предлогот?

Молам, еве да ја задолжиме Владата нека побара кој подигнал. (реакција на пратениците во салата). Ве молам, па немојте сега, има

предлагач, ве молам. (Митко Анастасовски зборува од место), господо, ве молам, Парламент е ова, ова е Парламент, ајде да бидеме Парламент. Седете ве молам, немате право да зборувате од место, седете, седете сега малку. Седнете си таму, ајде. Седете ве молам, немате право да зборувате од место, седете, седете сега малку, овозможете да работиме. Овде има предлагач, зошто сега по предлогот на еден, сосема друг сака да зборува. Што е тоа сега?(Митко Анастасовски зборува од место). Кој претседател, господе , не е тука тој човек сега, ама нека каже тој, во весници ќе си каже, нема што овде да каже. Кога ќе расправаме за тоа, тогаш кажете. Ве молам, седнете сега ајде, седнете си, седнете си, навистина сега немате право за ова сега што го правите, навистина е неред. Не, не, седнете си сега и оставате ме да ја водам седницата. Немојте така ве молам.

Ве молам инсистира предлагачот да го чуе ставот на Владата, го чу и сака да гласаме. Тоа е негово деловничко право и немојте да дигате рака и по тоа да зборувате. За друго има време. (од место пратеникот Пановски го прашува претседателот дали првиот предлог се усвои). Се усвои со тоа што Собранието ќе одлучи да е на затворена седница.

Кој е за вториот предлог, нека крене рака? (пратениците креваат рака).

Не треба да се брои, предлогот е усвоен.

Господин Трајан Мицевски бара збор.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници јас барав збор, ако беше порано даден збор овој мој предлог ќе можеше воедно со оваа точка да се уврсти. Вчера битолските штедачи пак имаа протестен митинг и бараа да се стави на дневен ред, не да им се дадат наеднаш парите туку категорично бараат да се стави на дневен ред денеска да се расправа да им се дава по 100 марки во денарска противредност и тоа за овој месец немаат дадено и со тоа вчера не не пуштаа да излеземе од тамо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ама не расправаме за тоа сега.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Не расправаме, ама бараат да се вметне на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што да се вметне на дневен ред?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Да се расправа за штедачите, да им се дадат противредност од штедните влогови за издршка на фамилиите. Вчера разговаравме со потпретседателот на Владата, господинот Беќир Жута, рече дека во текот на денот ќе се јави и ќе направат нешто, меѓутоа во тоа време тоа не е кажано и до денеска сеуште не им е кажано, а да не дојде до некој поголем скандал барам да се уврсти и ова на дневен ред, еднаш да се расправа за тие штедачи. За информацијата јас не расправам. Со информации не се ора, не се сее. Се ора со орадија, со алат, со нафта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро го знаеме тоа не ораме ние денес овде. Ве молам немојте сега такви изливи на говорништво. Кажете овде за што сакате да дојдете, инаку нема смисла треба да ја прекинеме седницата. Ако секој од вас навистина сака да ни одржи по еден говор по некој трет повод, тогаш кај ни е крајот. Навистина нема смисла, ве молам. Ајде малку ред, ајде да работиме. Затоа овде и не напаѓаат.

Пак сакам да ви укажам, ве молам сите бидете свесни народот не гледа, отстапувањето од Деловникот со тие притисоци што ги правите е на штета на сите нас . Дозволете да ја водам седницата, не може да протестирате и да се лутите кога ве прекинувам и ви укажувам. Мора така да биде било кој да седи овде. Инаку нема ред.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас имам два предлога, за исто прашање. Најпрвин предлагам на дневен ред да се постави точка за информација од Владата во врска со процесот на основање на национално авио компанија или на давање статус на некој од постојните авио компании. И, втора точка да се задолжи постојната анкетна комисија или да се формира работна група која што ќе ги испита наодите искажани за јавноста на Палер Македонија со оглед на тоа што се уште постои вознемиреност на граѓаните, а особено затоа што се зборува дека високи личности од политичкиот живот од институциите на власта од Република Македонија се влезени, како што се вели меѓу народот, во игра и учествуваат во нелегалната распродажба на македонскиот воздушен простор.

Со оглед на тоа дека постои такво сомневање дека еден така важен ресурс е вон национална контрола како што е воздушниот простор сметам дека ќе се сложите денес на дневен ред да се постави особено втората точка со која што пред граѓаните на Републиката би докажале дека сосема сериозно ја сфаќаме нашата функција и ќе ги заштитиме интересите кои што во овој случај се на ниво на Република Македонија.

Тие две работи се различни по природа но би можело да биде и во една точка ако постои согласност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Со една поширока информација би можело да бидат опфатени и двата предлога.

Молам, што мисли Владата? Еве, господинот Голубовски ја образложи и итноста.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Мислам дека ние сепак треба начелно да поразговараме и да ги дефинираме релациите меѓу Собранието како највисоко законодавно тело и Владата како носител на извршната власт.

Дел од овие предлози што овде паѓаат како информации, вистинско место им е во сферата на пратенички прашања. Ако е целта да се добие информација за некоја состојба, без разлика за што се работи, пратеникот има право односно Парламентот да биде информиран, а за тоа постои институција пратенички прашања. Инаку, ако институцијата пратенички прашања ја внесеме во редовната работа на Парламентот низ точки на дневен ред, се поставува ефикасноста на работењето и на координацијата меѓу овие две тела или носители на власта. Зошто го говорам тоа?

Ако е целта да се добие информација што се случува во авио превозот во Републикава, да се добие информација, едноставно да се информира, пратеникот односно пратениците, тоа оди низ институтот пратенички прашања. Ако е пак целта - Собранието да донесува одлуки за тоа како таму се решаваат проблемите, тогаш тоа е мешање на законодавната и извршната власт. Затоа се поставува прашање која е целта, на пример низа предлози и информации,информации за тоа, информации за ова, јас мислам кога ќе дојдеме кај пратеничките прашања, ќе немаме што да прашаме. Да речеме тоа се чисто ингеренции од делокругот на извршната власт. Проблемот е сериозен, јас не го запоставувам, очигледно е дека не се средени таму односите и прави- лата на игра не се воспоставени. Тоа беше една од првите задачи што нашето Министерство за сообраќај ги доби, се направи увид во сите авиомагенции, состојбите на аеродромот и се востановија работи за кои благовремено

веќе и до сега ја информиравме јавноста и ќе ја информираме. Меѓутоа, дајте прво начелно да се договориме како ќе работиме. Ќе го имаме ли тоа што по Уставот е наша должност, јасно разграничување меѓу законодавната и извршната власт. Нема проблеми, нема ни една табу тема, информации може да се дадат низ институтот на пратеничките прашања. Инаку, ако одиме вака ќе се блокираме тотално.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Во принцип се согласувам дека првото прашање што го покренав може да најде соодветно место во институтот пратенички прашања, тоа значи дека ќе поставам пратеничко прашање во врска со тоа до каде е Владата со тие работи, меѓутоа инсистирам вториот предлог како еден единствен предлог да остане, каде што Парламентот има своја одговорност за такви сериозни обвинувања од национален интерес да постапи во делокругот на своите овластувања. Значи, предлагам на дневен ред да се постави оправданоста односно да се донесе заклучок со кој ќе се задолжи анкетната комисија или друга работна група од Парламентот која ќе ги испита наодите искажани од “Палермседонија” во врска со користењето на воздушниот простор на Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во врска со незаконската инволвираност на некои личности, на тоа мислите. Инаку ако е само за другото, и тоа е пратеничко прашање. Политичка контрола ова би било.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Токму така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи тоа.

Дали Владата го прифаќа тоа?

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Апсолутно Владата нема што да прифаќа или не прифаќа. Ако Собранието си има своја анкетна комисија кој задачи ќе бидат дадени на анкетната комисија да проверува итн. а друго е нашето мислење дал* ова прашање од тој тип итн., тоа е друго прашање, но апсолутно не е битен ставот на Владата. Тоа е собраниско тело; и Собранието одлучува кои задачи ќе ги дава на собранискотo тело. Нема потреба Владата тука да се изјаснува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да разграничиме. Значи нема никакви информации од Владата да се бараат затоа што предлагачот тоа; го бараше од Владата.

Но, еве Голубовски се јавува од место и вели дека го преиначува предлогот. Не е упатен предлогот на Владата. Значи, предло1 на задача што ќе се даде на анкетната комисија.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Претседателот на Владата ги искажа своите мислења и своите надлежности. Постојната анкетна комисија е Комисија за заштита на слободиите и правата на граѓаните. Таа нема свои истражни дејствија и не може да води никакви други постапки. Доколку оцени во начело, има една одлука која ги регулира тие односи и не може да води никакви други постапки. Доколку оцени во начело има една одлука која ги регулира тие односи и не може да врши судска или друга функција. Наодите на одредена анкетна комисија може да послужат само за одговорност на носители на јавни и други функции. Затоа сметаме дека одредени информации или дезинформации изнесени во јавноста треба да си добијат свој законски тек односно може да бидат и дел на извршната власт што вика претседателот да се проконтролираат и бидат од извршните органи, органите за прогон и слично, доколку одреден пратеник се обрати до постојната анкетна

комисија, за одреден носител на јавна и друга функција, анкетната комисија сигурно во тој случај ќе постапи по нив и ќе го извести Собранието дали постои одговорност или не, а одредени произволни мислења изнесени без конкретни факти и анкетната комисија да се претвара во истражен одгани а не во функција на задачи- те на законодавна, извршна и судска, сметам како претседател Комисија та има предложено и предлог одлука за измена и дополнување која влезе на дневен ред на оваа седница ко1га ќе се прецизираат надлежностите на таа комисија како би можела да работи и да го извршува својот дел еден од најважниот дел на заштита на човековите права и слободи како темелена вредност определена во Уставот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Анкетната комисија како демократска институција е токму за тоа да дејствува како еден механизам, во случај да кажам, кога се работи за национални; афери, во случај кога се умешани високи личности за кои постои основно сомнение дека ги блокираат нормалните институции со своите функции. Ако се сомневаме дека по ова прашање се вклучени така високи личности, без оглед на која институција, нормално е да се поверува дека можно е и правосудството да не може да си ја извршува својата работа, можно е и органите за прогон да не можат да си ги извршуваат своите работи. Тоа е и целта на анкетната комисија а не да служи како декор за македонската демократија. До- колку господинот Гештаковски смета дека е во право за тоа што зборуваше, јас не сум убеден, верувам дека ќе има интервенција и од претседателот на Собранието во толкувањето, затоа јас и кажав да направиме работна група која исклучиво според оценката за важноста и итноста на тоа што го укажав ќе се формира и ќе ја заврши таа работа.

Тука не е сериозно тоа што се алудираше дека. многу поконкретно би требало да се укаже на сомневањата. Широката опасност од последиците, така да ја наречам заради тоа што недокажани дејствија би можело да се лоцираат конкретно за одредени личности е толку голема што сметам дека не треба да биде предуслов во случај кога постои едно сомневање кое што така не вознемирува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам овој предлог да го усвоиме, не заради тоа што така треба да работиме, туку заради тоа што овде изречените сомн вања, ако ние не дадеме тек да се расчисти оваа работа тоа ќе нараснува. Ние постојано се бркаме со некои илузии, со некои клевети. Дајте да ги расчистуваме. Овде е изречено нешто. Нека анкетната комисија заседава и ги утврди а, се разбира во рамките на своите надлежности. Инаку, ве молам, сега со излагањето на господин Голубовски, бидејќи кажа дека има умешано тука некој од раководителите, па да се знае кои се, бидејќи сега сите сме доведени во сомневање. Ако нема никој тогаш да се симне вината од секого и да се каже дека тој човек инсинуира. Ако можеме да се одбраниме на друг начин јас навистина незнам. Ќе дојде пратеник на говорница ќе каже ова имаш, она имаш, лошо е ако од овде му упаѓаш, да одиш таму со секого да се објаснуваш и тоа не чини. Дајте имаме механизми низ собранието  па да се симнуваат тие клевети. Ако има нешто да се понесе одговорност, се разбира веднаш. Но, јас сум сигурен дека нема ништо. Јас сакам да изземам дека тоа на мене не се однесува, но сакам да кон- статира орган овде дека тоа не е така. Мора да се заврши таа постапка и мора ако треба и работна група да направиме.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Јас не сум убеден дека можеме да работиме вака. Уставниот постулат за организационото подрачје на власта е сосема јасен и власта во Републиката е поделена на законодавна,извршна и судска власт Дали може анкетната комисија како едно тело на законодавната власт да навлегува во ингеренции на извршните органи на власта. Мислам дека ние имаме дефинирани органи на власта кои се легитимни да вршат кон- трола на одредени злоупотреби, а анкетната комисија мислам само треба да врши контрола над тоа дали се спроведуваат законите кои постојат во оваа Република и што ги има донесено ова Собрание. Преземање на ингеренции од секторот на извршната власт тоа значи создавање на еден нов деспотизам и на тој начин ние ја загрозуваме демократијата и слободата на човековите права и слободи.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да протестирам на коментарот на претседателот на Собранието дека овде беше искажано и многу лично се сведе проблемот велејќи - да видиме дали, можеби човекот лаже и да се покажува на мојата страна.

Јас како пратеник сум должен и имам право да укажам на некои укажувања и од граѓаните. Јас овде не тврдев туку искажав сомневања, а убеденоста да се преземам со таа улога и да пренесам една загриженост од граѓаните е моето уверување дека навистина нешто не е во ред.

Ако Република Македонија во едно долго време по осамостојувањето нема сувереност на својот воздушен простор, па велам тоа не е со некоја терминологија политичка туку пред се економскиот аспект. Факт е дека немаме национална авиокомпанија факт е дека  парите не остануваат во Македонија, во најголем дел се одлеваат во ситуација кога воздушниот

простор на Македонија доминира на Балканот, со оглед на политичките и други настани во опкружувањето во соседството. Зарем не е тоа доволна причина сама по себе да видим зошто нелогично се одвиваат работите во врска со еден така важен ресурс, а од друга страна имаме конкретно изјава на директорот на Плермаседонија кој укажуваше на одредени факти што страотно делуваат во свеста на луѓето. Се работи за огромни парични средства и девизи кои Македонија може да ги има, а ги нема. Што сега треба да напра- виме. Дали е проблемот да го сведеме на најслабо место дека треба некој однапред да земе одговорност за расчистувањето на овие работи? Ако вие сметате дека Парламентот не треба да се занимава со такво прашање од ваков национален интерес, тогаш во ред, одговорноста ќе биде на Парламентот, но еднаш ќе мора да престанеме да се криеме зад колективната одговорност, кога никој не одговара и да не правиме однапред дисквалификации на луѓето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Токму за да не правиме однапред дисквалификации на луѓето сакам да го изнесам овде ставот.

Јас реков така не треба да работиме заради тоа што, прво, самиот;Голубовски за уредување на воздушниот простор прифати да му се одговори на пратеничко прашање. Второто е за национален превозник и се изречени јавно сомневање. Ние имаме извршна власт, имаме органи кои треба да водат сметка за тоа и ние овде тоа треба да го знае- ме и ќе добиеме информации дали органите на прогонот разговарале, утврдиле итн., не по изрека на еден или друг само граѓанин. Само на тој начин можеме да ги разграничиме односите секој да носи одговорност. Било колку

ние да расправаме не можеме да ја замениме улогата на полицијата, не можеме да ја замениме улогата на Владата. Едноставно на тој начин ги онеспособуваме органите да работат. Не е работата некој да закашка овде, но овде може да се разјасни само ако сите други органи ги оставиме да работат и тие да си ја завршат работата „ Ако не си ја завршат работата, да го поставиме прашањето за нивната одговорност. Тоа е наша задача, а не да ја земеме со нив работата. На тоа мислев кога реков дека не е добро така да се работи. Бидејќи овде се изречени сега сомневања, се повикуваат на Палермасединија што јас реков,.но јас реков каков треба да биде тој пат и со тоа фактички се фрла можно сомневање, само сомневање на сите не знаеме на кого. Затоа, предлагам денес да формираме работна група таа работа да ја испита. На тој начин да ги ликвидираме тие сомневања. Инаку нема како да се одбрани човек. Постојано инсинуации. Јас го велам тоа затоа што сум член на тоа раководство а велиш раководни луѓе. Јас не сум тоа. Затоа господине Голубовски правите алузии да ја збуните јавноста/ затоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете ми да кажам неколку збора.

Прашањето како го постави господинот Голубовски има нешто, меѓутоа и говорот на господинот Гештаковски има свое оправдување. Ние мора да најдеме место и поткрепа во одредбите на Уставот кога станува прашање за овие анкетни комисии. Член 7 6 тоа децидно го решава. Собранието може да основа анкетни комисии за сите области и за секое прашање од јавен интерес. Ова што господинот Голубовски го покрена сметам дека е тоа јавен интерес за Македонија.

Кажувањето на господинот Гештаковски е точно кога се работи за постојната анкетна комисија дека таа е за заштита на човековите права и слободи. Оваа комисија со ова прашање нема врска. Затоа Уставот го решила овој дел кога говори:' во став 3, предлог за основање анкетна комисија кога има јавен интерес може да поднесат најмалку 20 пратеници Ако вака постапат, има 20 пратеници ќе го разрешиме ова прашање уште овој момент. Предлогот ќе стои од нив.

По предлогот на претседателот на Собранието под име да формираме работна група, таква група во Уставот нема. Анкетна комисија ќе ја формираме и да продолжиме понатаму да работиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш постапката нека си ја изведе кој сака, нека собере 20 потписи, ќе го ставиме на дневен ред кога ќе биде готово.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ:**

Вториот дел од прашањето на Голубовски не е предмет за седница на Собрание, туку претпоставува пред седница да оформи писмен предлог со 20 потпишани пратеници, со потребно образложение што претходно ќе го достави и дури тогаш може да дискутираме, а не на сама седница да бараме доброволно стрелци, бидејќи вака непотребно се одолговлекува седницата.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сметам дека самиот не можам да бидам и приближно одговорен колку овој Парламент, затоа го повлекувам мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе поднесен иницијатива од 20 луѓе. После ќе направиме предлог за анкетна комисија;

Дали некој бара друг збор во врска со дневниот ред?

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Ова е навистина процедруално прашање. Со 4 8 гласа беше изгласано во Парламентот и информациите за земјоделието беа ставени на дневен ред. Не знам врз која основа се симнаа? Дали постојат првостепени второстепени значајни точки што се ставаат на дневен ред. Мислам дека г-динот Иванов го поткрепи тоа со барањето да биде Информацијата усмена, затоа што не сме само ние загрижени, туку луѓето се загрижени како се одвива сеидбата, дали ќе има сеидба, како ќе биде продажбата, откупот на земјоделските производи итн. Мислам дека не може тукутака да се мине преку ова изјаснување. Ако треба и три пати гласање, ако треба секоја точка посебно да се гласа. Воопшто не ми е јасно начинот на кој се симнаа од дневен ред овие две точки.

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека проблемите во аграрот се од многу посложен карактер и оттаму предлагам, имам и писмено барање до Собранието на една од наредните седници да се разгледаат проблемите во аграрот. Оттаму сметам дека најадекватно и најсоодветно е после информација и само на тој начин можеме да му помогнеме на аграрот. А сите овие кои се залагања до сега за есенската сеидба, горивото, заштитните цени и другите проблеми кои се врзани и кои се сигурно многу актуелни во овој момент се компетенција на Владата. Мислам дека Владата треба да седне и да ги разреши овие проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, јас сакам да ви кажам дека 66 пратеници гласаа за првиот предлог да несе уврсти во дневен ред. Тоа беше пресудно; Сепак, поголемо мнозинство.

Дали го утврдивме дневниот ред:

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас нема да предлагам измени во дневниот ред, туку само во редоследот на точките ако е можно. Предлагам точките 1,4,9 и 10 да бидат разгледани при крај на седницата, бидејќи во овој момент министерот за внатрешни работи е отсутен, а сепак ова се предлози од каде што изворно потекнаа од тоа Министерство. Тоа е една работа.

Второ, би замолил Информацијата за состојбата со нафта исто така да биде разгледана при крај, бидејќи сега за тоа се донесе одлука, како и за патниот правец Здуње за да би можеле да дадеме поквалитетни информации.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се усвојува:овој предлог за редоследот? (се усвојува)

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Го-дине претседателе, дами и господо. Информацијата за проблемите во земјоделието беше прифатена со 48 гласа и никој не ја симнал од дневниот ред, а ако треба да се симне нека се гласа. Информацијата за проблемите и развојот на земјоделието исто така беше изгласана. Меѓутоа, јас имав и едно друго прашање, точка 6 да биде последна. Тоа е Законот за приватизација на претпријатијата да биде последна точка заради тоа што објаснив не беше дадено и тоа на гласање.

Јас барам од овие причини бидејќи по моето излагање Владата не се произнесе. После гласањето се произнесува. Барам да биде ставено во дневниот ред. Ако не се стави на дневен ред7 барам по список да се гласа, да се видиме кој можеме да допринесеме на земјоделието, а кој ги изостава проблемите во земјоделието, заради тоа што сега е во ек исплатата на средствата, на откупот на пленицата, на откупот на репата, на сончогледот, оризот, тутунот и грозјето кои што се откупени, примени во магацини некаде, меѓутоа средствата сеуште не им се платени. По која цена ќе им бидат платени на граѓаните? Дали ќе бидат обесштетени заради тоа што на 7-ми октомври се донесе одлука курсот на марката од 360 денари на 600 денари. Кој ќе им ја плати разликата на граѓаните кои што го дале производството. Затоа сега е итно дека треба да се расправа и барам да се расправа, па ќе гласаме по список, нека не се изгласа. Јас не отсуствувам од своето барање, од овие проблеми заради тоа што и министерот за земјоделие синоќа даваше информација на граѓаните преку телевизија и ги кажа проблемите што ги имаат граѓаните во врска со сеидбата и дека нема да може да се посее навреме. Некаде околу 30% од сеидбата есенска не е посеана, заради тоа што имаше проблеми во врска со снабдувањето со нафта и другите средства. Мислам ако оваа Информација не се постави на дневен ред на денешната седница нема потреба од понатамошно поставување, затоа што времето е веќе изминато.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-да, пак ви укажувам, да не ви го читам текстот што сите го поддржавте. 66 пратеници гласаа спротивно на ова што сега го заста- пува г-динот Паунов. Друго сакам да ви кажам. Ако ние овде денес разговараме за тоа кој што од нас сака и мисли за земјоделството и кој подобро му

мисли на земјоделството. Нема да постигнеме ништо ако од надлежните органи немаме конкретен предлог за кого треба да разговараме и колку да го измениме во оваа, или онаа насока. Инаку морам да ви кажам, никаква помош од нас нема да има, а многу време ќе изгубиме а фактички не ја оставаме Владата да си заврши работа, токму тоа што Владата го предлага /да дојде токму на ова Собрание. Сакаме ли ние да видиме и за откупот на жито и на пченица и на ориз, и не знам што. Некој треба да ни каже, или ќе нагаѓаме, тоа што сме разговарале ние со селаните. Тоа е убаво, тоа ќе го кажеме овде, но зошто ни е нас Владата? Владата ќе ги обработи сите тие работи и ќе ни ги сервира овде. Луѓето ветија и за тоа ги задолжи Собранието. Затоа ве ' молам да не гласаме уште еднаш. Ако сакате да гласаме повторно за предлогот на Тодосие.

Кој е за предлогот на Тодосие, нека крене рака?

Кој е за тоа денес да разгледуваме информација која не е направена, не постои. Информација за земјоделството, за откупот, плаќањето итн.

Кој е за, нека крене рака? (24 пратеници креваат рака)

Значи, тоа не е прифатено. Ве молам, тоа не значи дека овие другите не сакаат да дојдат тие проблеми на дневен ред, туку како што е предложено овде, да дојдат со материјал од Владата.

Г-дине Паунов да го прецизирате вториот предлог. Кажете точно што треба да содржи таа програма, кој да ја направи?

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Значи испадна непрецизирано. Прво е прашањето точката 6 да биде последна точка од дневниот ред. Другата точка што треба да биде на дневен ред, Информацијата е изготвена за Програмата на Владата за поттикнување и развојот на земјоделието за 1992 година. Тоа е значи

прашање што треба посебно да се гласа. Второто прашање ми е информација за производството, пласманот, кредитирањето и откупот и плаќањето на земјоделското производство и есенската сеидба со сите овие средства кои пред малку ги набројав. Информацијата е изготвена. И двете информации биле на Комисијата за земјоделие, доставени се до пратениците на Собранието на Република Македонија, така што секој ги има, мислам по тие информации можеме да расправаме, а надлежните служби и министерствата да дополнат и јавноста да биде запознаена за обезбедувањето на овие средства поготово за есенската сеидба, за кредитирањето,-обезбедување со нафта, со семе и резервни делови.

Г-да пратеници, па:јас најмалку се јавувам иако има потреба да се јавам и не сум дискутирал повеќе од 5,10 минути досега и сега кога едно прашање се поставува најтешко во земјоделието, кога сите чекаме храна да добиеме од земјоделието немате трпение да ги изнесам проблемите што ги имаат граѓаните во Република Македонија. И сега кога не сакаме да разбереме суштински*дека пченицата е откупена, а не е платена. По која цена ќе се плати сега пченицата кога лебот беше 130 денари,а сега стана 350 денари. По која цена ќе му биде платено на нашиот граѓанин. Сончогледот се откупи, по која цена ќе му биде платено кога беше една марка 360 денари, а сега е 600 денари. Тој е откупен и ставен во магацините, а парите сеуште не ги добил граѓанинот. Исто е тоа и со репата, исто тоа можеби ќе биде сега и со оризот, ист е случајот и со тутунот и со другите производи. Затоа јас реков дека информација треба сега и сега да расправаме и да донесеме заклучоци, ставови во граници на можностите со кои средства располага Републиката, не да помогнеме, туку да ја извршиме нашата обврска, нашата задача да ја извршиме во граници на можностите. Она што не се може, не се бараа

А зошто ни е таа информација во месец март за откупот, пласманот и производството за 1992 година. Сигурно дека нема потреба од таквата информација. Затоа барам на денешната седница да се расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа се произнесе Собранието. Добивте само 24 гласа.

**ТОДОСИЕ ПАУНВО:**

Собранието се произнесе со 48 гласа. Ако не е така, се сомневам во гласањето. Барам да гласаме поединечно. Барам 10 пратеници да ме поддржат по список да се гласа и за едната информација и задругата информација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници? (13 пратеници креваат рака )

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

(Го чита списокот на пратениците) (Списокот го доставуваме во прилог.)

**С П И С О К**

**на пратениците во Собранието на Република Македонија според**

**азбучен ред на презимињата**

1. ФАИК АБДИ - воздржан
2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА - против
3. ХАМИД АЛИУ - отсутен
4. ЕШРЕФ АЛИЈУ - отсутен
5. СТОЈАН АНДОВ - против
6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - отсутен
7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за
8. ТИМЕ АНДОНОВ - за
9 НИК0ЛА АПОСТОЛОСКИ - отсутен
10. ДУШКО АРСОВСКИ - отсутен
11. ДРАГИ АРСОВ - за
12. БРАНКО АРСОВСКИ - отсутен
13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ - отсутен
14. ЈОРДАН БОШКОВ - отсутен
15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ - против
16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - отсутен
17. ПЕТАР ГОШЕВ - отсутен
18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - отсутен
19. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - за
20. САНДЕ ДАВЧЕВ - отсутен
21. ДИМИТАР ДИМИТЕОВСКИ - отсутен
22. ТОДОР ДИМОВ - против
23. ДОСТА ДИМОВСКА - за
24. РАТКА ДИМИТРОВА - отсутен
25. ПЕТАР ГОРГИЕВ - против
26. БОРКО ГОРГЕСКИ - за
27. ДУШКО ГОРГЕСКИ - отсутен
28. ЗУДИ ЕМИНИ - отсутен
29. ЈОРДАН ЗАФИРОВ - воздржан
30. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - отсутен
31. НАСЕР ЗИБЕРИ - отсутен
32. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ - отсутен

33. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ - отсутен
34. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - отсутен
35. СИМЕОН ИВАНОВСКИ - воздржан
36. ЉУБОСАВ ИВАНОВ - против
37. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - отсутен
38. ИВАН ИВАНОВ - за
39. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ - за
40. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ - за
41. РИСТ0 ЈОВАНОВ - против
42. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА - отсутен
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ - отсутен
44. ТАШКО КИРОВ - за
45. ЗОРАН КИТЕВ - отсутен
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - за
47. ЃОРГИ К0ТЕВСКИ - отсутен
48 СТОЈАН КОВАЧЕСКИ - отсутен
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ - отсутен
50. НИКОЛА КРСТЕСКИ - за
51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА - отсутен
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ - отсутен
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - за
54. ФЛ0РЕ МАСАЛКОВСКИ - за
55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - за
56. ЕФТИМ МАНЕВ - отсутен
57. СТРАШО МИЛКОВСКИ - отсутен
58. ПАНЧО МИНОВ - отсутен
59. МАРИН МИЛЕНКОСКИ - против
60. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - за
61. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - за
62. ВАНЧО МЛАДЕНОВ - отсутен
63. ЏЕЛАДИН МУРАТИ - воздржан
64. АВДИ МУРТЕЗАНИ - отсутен
65. НАИФ МУСТАФА - отсутен
66. СИМ9Н НАУМОВСКИ - воздржан
67. ПАНЧЕ НАСЕВ - против
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - отсутен
69. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - отсутен

70. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - воздржан
72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - за
71 НИКОЛА - воздржан
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - отсутен
74. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - отсутен
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ - отсутен
76. ТОДОР ПЕТРОВ - отсутен
77. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - отсутен
78. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - отсутен
79. КИРО ПОПОВСКИ - отсутен
80. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ - отсутен
81. ШАБАН ПРЕВАЛА - против
82. ИСМЕТ РАМАДАНИ - отсутен
83. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - против
84. ИВАН РАМБАБОВ - отсутен
85. НЕИМ СЕЛМАНИ - отсутен
86. ФЕРИД САДИКУ - воздржан
87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ -отсутен
88. АЦО СПИРОСКИ - отсутен
89. РИСТО СТАНКОВСКИ - отсутен
90. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - отсутен
91. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - отсутен
92. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - отсутен
93. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - за
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - за
95. РИСТО СТАМЕНОВ - за
96. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - за
97. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - отсутен
98. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - против
99. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за
100. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - за
101. БЛАГОЈ ТОШЕВ - за
102. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - воздржан
103. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - за
104. ДИМИТАР. .ТРПЕНОСКИ - воздржан.
105. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за

106. АГИМ ФАЗЛИУ - против
107. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - отсутен
108. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - против
109. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - воздржан
110. СЕФЕДИН ХАРУНИ - воздржан
111 МУХАМЕТ ХАЛИЛИ - отсутен
112. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - отсутен
113. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - воздржан
114.АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - отсутен
115. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - отсутен
116. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - против
117. ХИСНИ ШАКИРИ - отсутен

**СТОЈАН АНДОВ:**

28 гласа се "за"

Според тоа не е усвоен Предлогот.

Повикајте ги сите пратеници да влезав во салата за да прогласиме утврдување на дневниот ред.

Молам да ги повикате пратениците да влезав во салата.

Ве молам, избројте колку пратеници се присутни

57 пратеници се присутни во салата.

Ве молам, со вакво мнозинство не можеме ниедна одлука да донесеме.

(Во меѓувреме пратениците влегуваат во салата)

Констатирам дека се присутни 63 пратеници. Констатирам дека дневниот ред е утврден. Службата да даде пречистен" текст на дневниот ред. Предлагам пауза до 14,30 часот.

(Пауза од 13,30 до 15,15 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пред да преминеме на пратенички прашања дозволете ми да исправам една грешка да ви го претставам новиот секретар на Собранието господинот Игор Спировски. Истовремено, му честитам на првото присуство на седница и му пожелувам остварување на овие сложни задачи овде.

Поминуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Дими- тар Трпеновски, Владимир Митевски, Михаил Пановски и Цветан Јовчев- ски.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања? (не).

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на Република Македонија односно на министрите и другите функционери кои раководат со органите на управата.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Задолжителниот надоместок со македонската телевизија го наплаќа од имателите на телевизори предизвикува незадоволство и отпор, посебно што тој надоместок секој месец се зголемува и што него го наплатува само македонската телевизија. Оние граѓани кои не го плаќаат редовно овој надоместок Телевизија Скопје врши присилна наплата и предизвикува револт и немири кај населението, како што е случај во село Вељуса и други села во Струмичко. Прашање до Владата.

Дали Радио-телевизија Скопје има законски основ за наплата на тој надоместок и к ој дава согласност за висината на тој надоместок?

Барам во писмена форма да ми биде одговорено.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Бидејќи беше доста дискутирано за земјоделието, а јас еднаш реков дека заклучоци не растат јаболки а годинава родот на јаболки е рекорден па сакам да поставам едно пратеничко прашање до Владата во рамките на нејзината надлежност како би ги заштителе производите на јаболка.

Прашањето гласи:

Што презема и што мисли да презема Владата на Македонија за заштита на производителите на јаболка и грозја во ладилник од аспект на увоз на јужно овошје, извозни стимуланси, кредитната политика за финансирање на залихите или складиштирањето на јаболката и грозјето и други мерки како би се пласирал рекордниот род на јаболка од годинашната реколта и истиот не би пропаднал.

Накратко би образложил само со неколку збора и тоа:

Овогодишниот род на јаболката изнесува околу 100 илјади тони и е рекорден а пазарот со распаѓање на бившата односно југословенската федерација е доста стеснат а можноста за пласман на производството на јаболка од оговогодишната реколта на новите пазари е доста заштитен од аспект на заштитни мерки на тие држави. Пред се во Бугарија, за увоз на јаболка е воведена царина од 40% и Пелермани до 20%.

Република Грција увозот на јаболка го има забрането додека не се пласира сопственото производство, а повеќето сме свесни што значи во Грција и кога беше отворена границата да се купи банани, како се заштитува своето производство.

Молам на една од наредните седници да ми се одговори на ова прашање.

**ВАНЧО МАЛДЕНОВ.**

Почитувани пратеници, на една од првите седници на овој парламент од овој состав го поставив прашањето околу изградбата на железничкиот правец од Штип, Радовиш, Струмица со Петрич, Република Бугарија. Во меѓу време добив писмен одговор од соодветно министерство од министерот Лепавцев, меѓутоа до денешен ден не бев во прилика да можам да одговорам дали сум задоволен од тој одговор или не сум, но сега кажувам дека не сум задоволен од одговорот и од таа причина сакам да поставам дополнителни прашања.

Не сум задоволен од одговорот затоа што во одговорот ми се одговара дека е потребно да се изготви економски елаборат за оправданоста на железничкиот правец од Штип кон Радовиш, Струмица и Република Бугарија. Заради самиот одговор е потрудив да пронајдам одредени податоци и сакам да ги из несам, жал ми е што нашето соодветно министерство веројатно не располага со тие податоци.

До овој момент има изготвено на 3 наврати елаборати за економската оправданост за изградба на тој железнички правец. Првиот елаборат е изготвен 1897 година уште од турската империја во кој уште тогаш е добиено економска оправданост за изградба на тој железнички правец.

Друг елаборат за економската оправданост има изготвено 1924 година и тет елаборат посебен званично изготвен и даден на 20 март 1947 година. Во сите три елаборати е најдена економска оправданост за изградба на тој железнички правец, поврзување Штип, Радовиш, Струмица Петрич. Меѓутоа, политичките прилики во тој период биле такви да не е донесена и политичка одлука за изградба на овој железнички правец. Мислам дека во овој момент се наоѓаме во самостојна суверена Република

Македонија каде навистина, бидејќи економската оправданост за тој правец не постои, а политичка оправданост мислам дека не е потребна, бидејќи не одлучуваат други односно ние, односно токму овој парламент и мислам дека треба да има и политичка поддршка, а останува Владата да презема активности во рамките на своите гостувања и компетенции за да може тој железнички правец навистина да добие еднаш за секогаш практична реализација.

Од тој аспект сакам званично да поставам прашање односно да го обновам прашањето до Владата дали Владата навистина ги има сите овие аргументи, а исто така би сакал да додадам и од лична посета постои трасирање на таа железничка траса бидејќи има изградено одредени делови кои практично биле започнати со реализацијата на овој железнички правец.

Оттука сакам да кажан и да го поставам конкретното прашање дали навистина Владата има сериозно размислување за отпочнување со активности околу реализација на железничкиот правец на Штип, Радовиш, Струмица, Петрич односно Република Бугарија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувте прашањето што го постави господин Младенов. Дали претставникот на Владата може сега да одговори. (Не)

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Претседателот на општинското собрание во Виница, или како популарно го нарекуваат градоначалникот на Виница му подметнал на министерството за финансии, министерот фалсификуван документ за преземање на работи од локалната само управа во ова министерство кој нема ниту еден ден работено во локалната самоуправа.

Прашањето е што ќе преземе Владата во конкретниот случај односно нејзиното надлежно министерство. Дали на градоначалникот кој се служи со такви методи сами да ги задоволи луѓето што го донеле на тоа место односно на власт може да остане и понатаму на таквото одговорно место, кој ќе му верува и што мисли Владата дали со таквите ќе ја гради македонската држава.

Ова прашање го поставувам од причина што најверојатно не е овој случај осамен и покрај сите декларативни настојувања за реализација во органите на управата.

Одговорот може да ни биде даден и усмено.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

До наведените информации ни е укажано по потпишувањето на спогодбата. Овие денови во тек е да се утврди наводите од овие информации и веднаш ќе се преземат мерки состојбата да се врати како што била. Ќе се раскине спогодбата доколку се докажат наводите што беа изнесени овде.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани претседателе, почитувани колеги пратеници.

Бидејќи на денешната седница едно од прашањата што беше предложено не дојде на дневен ред, а поаѓајќи од тежината би сакал до Владата да поставам едно прашање врзано со таа проблема- тика, а имаме и неколку и други прашања со тоа што барам по истите прашање да ми биде даден писмен одговор и заради рационалност и заради ефикасност.

Најпрво врзано со откупот на земјоделските култури кои што беа собрани во последните месеци. Пред се мислам на откупот на оризовата арпа. Колкави количини се откупени, на кои проблеми се наидува при откупот и што Владата планира да преземе за да се регулира прашањето со откупот и производувачите да дојдат во состојба за обновување на

репродукција и измирување на обврските према државата. Има сериозни поплаќи од тој дел и се чувствува една немоќ на оние што тоа да го укинат. Произведувачите се препуштени на стихијата.

Второто прашање е каква е состојбата во делот на рехабилитацијата и економското згрижување на граѓаните од Македонија кои што служеа во поранешната ЈНА, а кои во тој период претрпееја тешки визички и психолошки последици.

Барам конкретни податоци во смисла на бројченост и збринетост во тој дел. Да кажам само неколку примери на подрачјето на кочанска општина има неколку случаи каде што граѓаните завршија незбринети и од економска страна и здравствено за да дел од тие луѓе се наоѓаат со тешки оболувања. Спремен сум со конкретни податоци ако е потребно тие случаи да ги доставам до Владата.

Третото прашање е врзано за делот на стимулациите на извозот и користењето на средствата во делот на остварениот прилив. Дали и Владата е информирана за проблемите околу исплатата на стимулациите, колкав дел на средства се употребени во почетокот на годината досега во делот на стимулациите и како Владата размислува по прашањето на регресот односно исплатата на стимулациите да го изврши за износот остварен заклучно со 30.10.

И еден податок за која немена се наменети издвоените средства по основ на 30 отсто од добиениот прилив согласно одлуката и колку ТОЈ дел поконкретно е наменет за решавањето на прашањето на проблематиката со енергетиката

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

со блокадите од југ и од север, и со несоодветната патна мрежа на запад еден подолг период транспортот на стоки од

Република Македонија и во неа воглавно се одвива преку граничните премини со Република Бугарија. Познато е дека пропусната моќ на граничните предмини е ограничена, имаме повеќедневно задржување на стоки, имаме километарски колони на тешките возила а исто така отежнат премин и на граѓаните. Оттука, сосема е разбирливо зошто беа интензивирани изведените работи на патот на инфраструктурните објекти за отворањето на новиот граничен премин на Македонско - бугарската граница Клеково. Договор беше преминот да се отвори на 11 октомври. Поставувам прашање до Владата и барам писмен одговор кои се причините за одлагањето, дали е согледан новиот рок и дали на одлагањето на отворањето на граничниот премин Клеково влијаеше неприпременоста на инфраструктурите објекти од бугарската страна.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

На вчерашниот втор телевизиски дневник имавме прилика да гледаме една свечаност, а тоа беше одбележувањето на обуката на првата генерација на царински работници? Прашањето гласи колку лица во оваа генерација е примена од редот на албанците на Македонија и ако нема такви зошто, иако се знае дека над 90% на лицата кои патуваат во странство се од редот на Албанците.

Барам одговор во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Владата треба да проценува, затоа што некои прашања се со оценка на состојбата и ако одговорот' не е јавен тогаш ќе излезе дека во формулацијата на прашањето вистина се содржи. Писмениот одговор не е јавен, не е достапен на јавноста и затоа нека проценува Владата дали може да одговара.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Јас би поставил две прашања.

Првото прашање е кога ќе проработи девизниот пазар односно кога ќе проработи девизниот платен промет.

За ова прашање не би сакал да образложувам затоа што отвораат девизни и други сметки во странство а не се евидентираат и не се контролираат девизите што ги остварува Македонија од Македонското стопанство во земјата. Оттаму се подигаат и се трошат во странство.

Второто прашање е кога државата Македонија ќе даде гаранција на граѓаните за штедните влогови денарски и штедните влогови девизни. Мислам крајно време е да се јави на јавноста, на граѓаните, кој стои зад тие девизни влогови штедни, кои ги имаа денеска и дали ќе може и натаму да штедат граѓаните и да им се гарантира враќањето на средствата.

Одговорот може да ми се даде во писмена форма.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници.

Како пратеник од 45-тата изборна единица од Куманово , чиј што мнозински дел од избирачкото тело се граѓани од српска и црногорска националност, а застапувајќи ги интересите на овие граѓани го поставувам следното пратенички прашање.

Врз основа на Уставот на Република Македонија, член 7 и неговите ставови 2 и 3 кои што ја регулираат употребата на јазиците на народностите и врз основа на порано поднесените барања преку здружението на србите и на црногорците во Македонија, за воведување емисија на странски јазик на македонската телевизија, македонското радио, како и на радио Куманово, од кои сеуште немаат никаков одговор Ве молам да ми одговорите зошто

Србите и Црногорците во Македонија немаат емисии на мајчин јазик.

Само за потсетување Србите во Кумановска општина подолго време бараат воведување дневни 30 минутни говорни и музички емисии на програмата на Македонската телевизија, Македонското радио и на Радио Куманово, во кои што ќе бидат застапени дневните политички и економски актуелности, како и прилози со национални културни и уметнички содржини. Додека албанската турската ромската и влашката националност, секојдневно емитуваат сопствени програми на радиото и телевизијата, на србите и црногорците овие средства за јавно информирање остануваат неостварен бастион. Дали е тоа во согласност со прокламираниот модел на граѓанска држава во која што сите граѓани подеднакво ќе ги уживаат правата без оглед на националноста, верата и јазикот.

Напоменувам дека ова прашање го поставувам по втор пат. Првпат е поставено на 7 август о.г. и сеуште немам одговор. Ве молам, одговорот да ми биде даден во писмена форма.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, како претставници од Тиквешијаа ние пратениците Петар Ѓеоргиев, Тодор Димов и јас поднесовме барање за изготвување информација од Владата за актуелните состојби во откупот на винското грозје, со предлог мерки за разрешување на проблемите во истиот, со цел истата да биде разгледана на седница на Влада и предложена на Собранието. Тоа отсуствуваше и не се направи затоа ја користам формата на пратенички прашања да го поставам следното:

Како е извршен откупот на винско грозје, каква финансиска конструкција е обезбедена за исплата на откупеното винско грозје, каков е начинот на исплата на винското грозје, за пишување на парите на штедни книшки или ефективна исплата, дали Владата смета и планира да преземе активности откупувачките претпријатија да донесат мерки за заштита на реалната вредност на откупните цени на винското грозје по девалвацијата на денарот во сооднос со цврст курс на странска валута.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, одговорот го барам од надлежното Министерство по писмен пат.

Што направија научните институции во Република Македонија за отворање на одделенија и отсеци во кои посебно би се третирале прашањата на научна основа од посебен интерес за албанската националност. Ако досега нешто е сторено, колку кадри се од оваа националност во нив вработени.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Бидејќи сме непосредно во сезоната пред откупот на суровиот тутун во лист, сув тутун, заштитните цени на тутунот се одредени некаде во месец јуни, па прашањето би гласело:

Како Владата мисли и кога да изврши корекција на заштитните цени на тутунот, како би тој имал ист третман кога се донесени тие заштитни цени и сега во времето на откупот и како би ја следеле инфлацијата се додека трае откупот на тутунот.

Имам и едно процедурално рпашање до Владата. Кои се причините досега поставуваните рпатенички прашања и барања за изготвување информации, Владата да не се придржува според Деловникот истите да ги доставува во рок од 15 дена, доколку, така стои во Деловникот, има потреба од проверки за изготвуање на одговор на прашањето или информацијата , па треба да го извести пратеникот дека Владата бара подолг период на време и колкав е тој рок.

И по двете прашања бидејќи не треба многу размислувања барам да ми се одговори денес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го слушнавте прашањето на пратеникот Манев.

Молам претставникот на Владата дали може денес да даде одговор?

**БЕКИР ЖУТА:** (од место)

Писмено ќе одговориме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата ќе одговори дополнително.

**ЕФТИМ МАНЕВ**: /Од место)

На второто прашање може да се одговори веднаш – причините зошто не ги изготвуваат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали може денес да одговорите или дополнително ќе одговорите и на тоа прашање (дополнително ќе одговорат)

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Јас барав усмено да ми се одговори

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знам, таа одлучува како ќе одговори

**ХАМИД АЛИУ:**

Во единаесетти и дванаесетти месец 1991 година, тогашната Влада еден одреден износ на средства даде на некои стопански објекти. Прашувам: која е судбината на тие средства, дали се вратени, ако се вратени дали постои некој фонд и дали тие средства можат да се користат за стопанството во сегашно време тоа е првото прашање

Второ прашање:

Во последните месеци Макпетрол не врши дотур на нафтени деривати во Општина Тетово, освен на пензиската пумпа со девизи. Прашувам: што е причината што Макпетрол не врши дотур на бензинските пумпи со нафтени деривати во Тетово.

Барам писмен одговор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас поставувам едно прашање до Владата и едно до Парламентот.

Така размислувајќи денес дојдов до катастарот. Дали може да ми одговори Владата, дали Владата има контрола над катастарот. Тоа е прво прашање и дали Владата знае дека катастарот е еден основен фактор за доделување на земјиште односно тука се вршат и се имаат извршено големи манипулации околу узурпацијата на земјиштето, а државата во таа смисла има изгубено огромни средства. Дали Владата е способна да изврши контрола над катастарот или треба некое одобрение од Парламентот. Ми се чини досега нема ставено рака никој во катастарот. Треба да размисли Владата и парламентот што треба да се преземе катастарот да го доведеме во еден ред, да се направи општ преглед и ќе видите колку милиони милијарди пари не се платени во државата и приватно и државно и општинско земјиште е узурпирано. Сега таа ќе речете дека е голема работа, но за тоа е власта, за тоа е парламентот.

Ве молам на наредната седница да бидам известен што може да направи Владата.

Друго прашање е поврзано - незнам дали тука е господинот пратеник од Демир Хисар, неколку пати го имам поставено прашањето за патот Демир Хисар- Смилево. Образложив зошто го бараме тој пат и не сакам повеќе да образложувам. не ми се даде одговор од поранешната Влада и незнам до каде е стигната работата.

Трето прашање: Барам одговор од Владата дали Владата знае дека во најголемите институции во Македонија , во Поштата и во други институции, дали под наредба или не, а ние во Парламентот донесовме закон со кои забранивме да се ставаат ликови на поранешни владетели.

Ако сакате одете во поштата и по други места, дури и во школи, стојат ликови кои не треба да стојат. Ја молам Владата и одговорните министри тоа да го проверат.

Четврто прашање: Дали може да одговара денес човек кој по некој начин уништи едно знаме кое не беше наше, а кое по законот ние го исфрливме да биде затворен.

Како петто, барам од оваа Влада, бидејќи поранешната Влада не ни даде одговор, тоа беше Владата која ја наследивме ние кога дојдовме, не ни даде еден одговор кој е поврзан со катастрофата на Дојранското Езеро. Дали може оваа Влада да преземе еден чекор и да се врати две години наназад. Само толку, не бараме ние одговорност од никој, јас лично не барам, а ми се чини и другите, да се види и да се даде на народот стварната слика и стварнсота како дојде до еколошката катастрофа на Дојранското Езеро. Дојранското Езеро не се уништи по природен пат, се уништи од човечка рака од долга човечка рака. И дури молчиме и само констатираме, ние сме ништожни, ние сме ништо. Јас го реков и порано, јас не сакам да ја обвинувам Владата, но Владата ми се чини дека ќе може да преземе чекори, сите одговорни министерства да дојдат до тие две Влади порано и да видат кој стави рака во Дојранското Езеро и ја уништи Македонија.

**ФАИК АБДИ:**

Веќе е втори месец како почна новата студентска година на Универзитетот "Кирил и Методи|!-Скопје односно Македонија. Ме интересира каква е националната структура на вишите и високите школии факух тети во Република Македонија. Тоа е прашање до министерот за образование и физичка култура.

Второ прашање: Прво да кажам дека нема секојдневни емисии на радио и телевизија на ромски јазик, бидејќи знам дека во фаза на

подготвување е Елаборатот односно Програмата за работа на Македонската Радио-телевизија за 1993 година, ме интересира што ќе се направи за воведување на секојдневни информативни емисии по ромски јазик на радиото и телевизијата, неделна музичка емисија ромска, двонеделна детска емисија и месечна документарна програма.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа, бирачите од Битолскиот крај односно земјоделските производители ме задолжија да прашам односно тие прашуваат: Зошто при наплатата, ако тие нешто борчат било за вештачки ѓубрива било за други земени, од денот на земањето им се засметува камата до денот на исплатата, а нивните побарувања што се во многу поголема сума по три четири месеци не им се зарачунува камата . И покрај тоа, таа иста цена дадена после три месеци, прашуваат зошто не се валоризира со денот на исплатата. По три месеци три денари исплатени не се исти пак да се исплатат.

Уште едно прашање во врска со ова , можеби е дополнување. Истите прашуваат, кога се врши наплата на сите општествени давачки, даноци, пошта и други давачки во државата , ако се доцни со наплатата веднаш се засметува затезна камата. А нивните заработувачки кои доцнат по петнаесет или дваесет дена било пензиите или личните доходи не се засметува затезна камата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали веднаш ќе одговорите на прашањето или ќе подготвите одговор во писмена форма.

**ЕФТИМ АНЧЕВ:** (Од место)

Во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе се одговори во писмена форма.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Во надлежното Министерство при Владата на Република Македонија до каде се стигнало со подготовките за Проектот за менување на коритото на реката Сатеска и нејзино сместување во старото корито, од причини што се широко познати, еколошката катастрофа што ја чини оваа река, штетите што реката Сатеска ги прави на Охридското Езеро и реката Црни Дрим, невиденото загадување и менување на флората и фауната.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговорите веднаш или писмено ќе одговорите? (писмено).

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Имам две три прашања.

Што презема ресорното Министерство за корисниците на пензија од категоријата воени инвалиди и трудови инвалиди.

Како второ прашање, врз основа на кои аргументи е изземен регресот за нафта за земјоделците, бидејќи сретнав во еден Службен весник дека повеќе не се пресметува регрес за земјоделците.

Како трето прашање: Кога престанува важноста за задолжителна исплата на триесет германски марки за излез од Македонија и какви ефекти има Владата. Треба писмено да ме извести.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали веднаш ќе дадете одговор?

Има збор Министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

За последното прашање може веднаш. Законот со кој е воведена обврската за исплата на триесет марки е на неодредено време. Кога ова Собрание тоа ќе го измени ќе престане важењето.

(Откако министерот Хајредини се упати кон своето место некој од пратениците го потсети да одговори и за ефектите)

За ефектите писмено ќе кажеме.

**ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, моето излегување на говорница е во прилог на забелешката на Ефтим Манев.

На 31 август годинава преку претседателот на Собранието до Владата поставив пратеничко прашање кое се однесуваше на случајот со украдениот материјал на македонскиот композитор Глигор Смокварски Во образецот на прашањето инсистирав на доследно испочитување на рокот кој што е пропишан во членот 40 од Деловникот на Собранието и барав одговорот на ова прашање да ми биде доставен за 15 дена. Владата и понатаму упорно и индолентно се однесува кон оваа институција пратенички прашања и воопшто барем не се потруди да го при- мени членот 41 од Деловникот, според кој има право да побара одлагање но со одреден рок. Тоа не го направи и ова мое излегување нека биде сфатено како ургенција и барам за доследно почитување на рокот одговорот на ова прашање да ми биде доставен за 15 дена почнувајќи од денес.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам да потсетам дека навистина на тоа прашање треба да се

одговори, не е барано одлагање, а поставено е на време и јас колку што знам јасно формулирано беше.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

На ден 26.об.1992 година доставив барање до Министерството за стопанство и побарав да се преземат мерки за електрификација на сеуште неелесктрифицирани села Стрима, Ранковци и Пресница во Општина Куманово. Јас го прашувам ресорното Министерство дали го разгледало ова барање и што решило во врска со овој проблем.

Молам за писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмен одговор бара пратеникот.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас имам две прашања.

Првото прашање е што е судбината со Проектот Вардарска долина Дали новата Влада работи врз неговата реализација и ако работи, до каде се преговорите и резултатите од разговорите со францускиот партнер или со друг партнер. Тоа е едното прашање и сакам писмен одговор за тоа прашање или ако може да се изготви некоја информација за пошироко информирање на пратениците на овој дом.

Второ прашање поставувам, бидејќи не се доби информација за случајот Радолишта по интервенцијата на полицијата во текот на летните месеци, а мислам дека беше барана таква информација, поставувам прашање: кои беа вистинските причини за акцијата на полицијата во ова село во раните утрински часови во еден летен ден, дали мораше да се интервенира со таков голем број на полиција и опрема, дали ефектот ги оправдува мерките и што е судбината на осудените лица после оваа интервенција. Барам одговор во писмена форма.

**ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ:**

Јас имам две прашања. Прво, би се надоврзал со прашањето на Цветан Јовчевски околу регресот на нафтата. Ме интересира дали Владата има донесено одлука за укинување на регресот за нафтата, бидејќи знаеме оваа година ние донесовме закон за поттикнување на развојот на земјоделството во кој е зацртан и тој регрес за нафта. Колку оваа година во истото прашање, колку оваа година се исплатени средства за регрес за купената нафта и на кој начин се исплатени тие средства.

Второто прашање ми е ние исто така во мај месец донесовме закон за берза на земјоделски - прехранбени производи. Исто, за тој закон се издвоени средства од Буџетот за спроведување на истиот закон.

Дали берзата функционира и ако не функционира зошто и на кој начин е стопирана и дали во берзата беа вклучени индивидуалните земјоделски производители и кои се резултатите севкупни на таа берза на земјоделско - прехранбени производи. Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што процедурално сега во ова, прашање се. Господин Голубовски бара збор.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Кога се залагав за институцијата пратенички прашања имав предвид дека ќе се поставуваат усмени прашања и Владата усмено ќе одговара. Бидејќи се инсистира во најголем на писмени одговори, тоа може да се бара од владата или од другите меѓу двете седници и на, исто така и на писмен начин. Но, морам да кажам дека и во оној дел што беа инсистирани

барањата на усмен одговор, Владата скандалозно покажа неспремност да одговара на пратеничките прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас на минатата седница оставив прашање до министерот за внатрешни работи, господинот Фрчковски зошто се регистрираат во Министерството за внатрешни работи возила со странски ознаки. Конкретно на оние возила што имаат ознаки со странска држава, нашиот северен сосед ЈУ - Југославија. Ми беше одговорено писмено дека не го разбирале прашањето. Мене многу ми е жал што господинот министер за внатрешни работи не е тука, јас навистина незнам во што е тоа прашање нејасно. Молам, од потпретседателот на Владата Бекир Жута како највисок функционер на Владата да ми одговори во што е тоа нејасно прашање. Повторувам,зошто Министерството за внатрешни работи, значи Владата регистрира возила со странски ознаки. Исто како да дојде сега возила со скопска регистрација да пишува на него таму скратеница од Албанија АЛ или од Бугарија БГ или од Грција ГР. Дали тогаш би ги регистрирало тие возила со такви странски ознаки. Дали оние од горе ЈУ имаат привилегија при регистрирањето.

Второ пратеничко прашање бидејќи Деловникот ни дава за право да поставуваме пратенички прашања до сите лица што се избрани во овој Парламент барам во рок од 3 дена директорот на Македонската Радио-Телевизија Тихомир Илиевски како функционер избран во овој Парламент да ми одговори дали е вистина дека врз него е вршен притисок од нај-високите републички раководители да се прекинат преносите директни и да се исклучи јавноста, најшироката јавност од работата на Македонскиот Парламент. Доколку во рок од 3 дена не ми биде даден одговор од

директорот на Македонската Радио-Телевизија, ќе покренам потпишување на интерпелација за негово отповикување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би молел службите да го повикаат ако е тука господинот Илиевски, ќе трае оваа точка пратенички прашања, да одговори веднаш, зошто 3 дена?. Сигурно тој знае нема што да проверува.

Молам, понатаму госпоѓа Славјанка Стојанова.

Да го повикате господинот Илиевски да дојде додека трае уште оваа точка.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Барам одговор од Владата на следното прашање. Во колкава должина беше зацртано да се гради патниот правец Трета лента Титов Велес - Крива Круша, а во колкава должина се гради и дали е и за колку е намален овој патен правец надвор од програмата, која ја потврди и Собранието на Република Македонија и кои се причините за тоа и што Владата ќе преземе за да се отстрани ова. Барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Фаик Абди, повторно.

**ФАИК АБДИ:**

Се извинувам што повторно истапувам на оваа говорница, се работи за еден случај, па молам Владата да го земе предвид тоа. Јас младата дама ја пратив да земе име и презиме на една особа, Македонец е од Маџари, стар човек е на 75 или 76 години, беше дома кај мене. Работел со некој комшија таму негов, незнам што му работел таму, една заедничка шахта и водата поминува покрај него. За ова знае милиционерската станица од Маџари. Човекот водомерот му го исфрли надвор, овој се жали

на суд, Судот донесува решение во негова корист. Пак овој не му дава вода и никој не го извршува решението. Тој се жали секаде. Човекот е 90 дена, цело лето без вода и сега е без вода. Секој ден виси надвор. Ве молам дали Владата или Министерството за внатрешни работи или кој друг што треба да преземе нека преземат,дали во ова време е замисливо човек да нема вода. Ништо нема. Молам, преземете мерки. Милиционерската станица од Маџари знае се за случајов. И бланкетна комисија има поднесено материјали и до Комисијата за поплаки и жалби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Тошев.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас се извинувам, можеби требаше побргу да станувам, сакам да поставам прашање пред да почне учебната година 1992 - 1993 година поставив прашање во врска со издавањето на новите учебници, а тоа беше доставено до Министерството за образование. До денес немам добиено одговор и барав писмено и материјалот го доставив кај секретарот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сега да се одговори?

Вие за старо прашање прашувате. Имавме таков дел од точката.
Господин Џафери.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

Првото прашање е од процедурален карактер и се однесува за амандманите. Бидејќи 70% амандманите се од редакциска природа, прашувам Владата дали овие закони пред да се доставаат на пратениците се лекторираат. Прво прашање и усмен одговор барам по ова прашање.

Второ прашање на патниот правец Тетово-Гостивар е во тек проширувањето на патот со изградба на надвоќнаци и една петља. Патот е долг 21 км и 200 м и прашувам, бидејќи има потреба за дополнителни надвожњаци, ја прашувам Владата дали има можност за дополнителни надвожњаци и за уште една петља. За ова прашање барам писмен одговор, бидејќи и ресорниот министер не е тука.

Трето прашање ми се чини пред една година беа запленети некои девизи законски и незаконски од еден број на граѓани, а тие девизи што им беа одземени незаконски уште до ден денес не се вратени.

Прашувам Владата дали е формирана второстепена комисија при Владата за враќање на овие девизи што се одземени незаконски. И на ова прашање барам писмен одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговорите на овие прашања?

На првото прашање барам веднаш одговор.

Кој ќе одговори на првото прашање?

Дали проектите на законите што ги праќате овде се лекторирани, бидејќи повеќе од 70% од амандманите се од јазична природа. Тоа праша човекот. А тоа премногу ги компликира работите во Собранието и створа продукција на амандмани на седници на комисии и во 220 примероци се умножува.

Господинот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Сигурно дека секој законски проект покрај што се прави мериторно да расправа одредена материја и се лекторира, а право е на секој пратеник да поднесува амандман, па сметам дека е прашањето кај вас во поднесувањето на амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Ешреф Алиу.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Загришен сум за состојбите од аспектот на реализација на урбанистичкиот план на град Скопје. По можност да се направи информација од страна на Владата т.е. на Министерството за урбанизам во која фаза на реализација е урбанистичкиот план на град Скопје, со какви тешкотии се соочува во патот на реализацијата, дали сегашното Министерство презема конкретни чекори за отстранување на така-наречените диви градби и времени објекти. Располагам со прилично богато досие, нарочно при одењето на или предавање должностите по парламентарните избори на нови избрани состави на демократски и легален начин. Се работи за доста големи недозволени работи на тој план и како што сме сведоци веќе стана една нејасна, да не кажам луда ситуација на секој чекор нови објекти, деловен простор и времени објекти, дури и во строгиот центар на градот. Пошто јас и припаѓам на општина која веројатно е посиромашна од другите четири, тоа е општина Чаир, таму е проблематично и било проблематично минатата година во разговор или во соработка со претходниот министер имаше ветување дека ќе се одредат две или три зони во градот Скопје и преку тие зони сите граѓани кои живеат во привремени објекти или дивоградби ќе бидат помогнати да бидат сконцентрирани во тие три зони.

Дали од тоа има нешто или тоа остана само на папир и дали новото Министерство навистина предвидува некое попрактично, порационално решение, која исклучиво ќе биде во интерес на граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали на некои од прашањата ќе одговорат сега или не? (Не).

Ако не, за збор се јави Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

До Владата на Република Македонија поставувам три прашања за кои барам писмен одговор.

Електростопанство на Република Македонија, работна единица Електропологи - Тетово за приклучок кон електричната мрежа за еден нов корисник бара надоместок до 3700 германски марки.

Прашувам, врз основа на каква одлука се бара толкав голем износ.

Второ, во Тетовско во последните 10 години се случија три убиства, и тоа едно во Тетово и две во с. Шипковица. До сега од страна на надлежните државни органи не се откриени сторителите.

Поставувам прашање дали и понатаму се трага по сторителите или пак постапката за сите три случаи е запрена.

Трето, барам одговор за рационалната и квалификационата структура на вработените во сите истурени подрачни министерства, почнувајќи од раководителот, па се до работникот по хигиена или курир и тоа во следните градови, Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Струга, Охрид, Куманово, Ресен, Битола, Титов Велес и Прилеп.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали нешто сега ќе одговарате или накнадно? (Писмено ќе се одговара).

Господин Бојковски.

**ГОРГИ БОЈКОВСКИ:**

Покренав иницијатива за на една од наредните седници да се разгледа состојбата во градежништвото, бидејќи состојбите во градежништвото се многу сложени, а тоа се гледа и од протестните собири на градежниците од Република Македонија, на кои собири едно од барањата беше да се подготви информација за состојбите во градежништвото и за таа информација да расправа Собранието до 20 ноември. Бидејќи изминува времето и се приближува 20-ти ноември ја прашувам Владата, дали Владата ќе ја подготви во овој определен рок Информацијата, ако не кога и дали ќе ја подготви. Бидејќи во меѓувреме ќе треба да расправаме за тоа.

Во врска со ова поставувам уште едно прашање, кое не е толку баш во врска, но има врска. Зошто Владата дел од градежните претпријатија во Република Македонија ги ослободи од давачките, а дел не. Со ова сметам дека Владата ги става во нерамноправна положба претпријатијата од градежништвото и ако едни се ослободени, сметам дека сите градежни организации да бидат ослободени за да можат да сто- панисуваат подеднакви услови. Барам за ова второто писмен одговор, а за првото ако може да ми се одговори сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали може сега да се одговори? Господин Жута.

**БЕКИР ЖУТА,** потпретседател на Владата:

Во врска со првото прашање мислам дека обврската стои,а дали тоа ќе биде димензионирано за да може заклучно со 20-ти ноември, мислам дека треба да се допушти ако се бара анализа која бара и одредени

причини да се изнајдат за состојбите, како и правци за размислување, и сл. да не мора секојпат во критичен ден кој е речен во еден момент да тој биде и критичен ден, па да и анализата испадне не она што треба да биде.

Во врска со второто прашање мислам дека вам на Собранието е во тек, затоа што се врши одредено ослободување на градежните претпријатија, но тоа е во врска со побарувањата нивни од Ирак ненаплатени и во тој контекст тие во смисла на законот, овластена е Владата за тој дел на побарувањата доколку доаѓа во ситуација да бидат ставени под стечај, да не бидат ставени под стечај и да се изземат за тој дел од обврските. Инаку, воопшто проблематиката дали ќе бидат ослободени од данокот на добивка или нема да бидат ослободени од данокот на добивката тоа од сери^а причини и анализи доколку конкретната состојба во конкретното претпријатие наметнува одреден излез од една таква ситуација, а не генерално решение да се ослободува, затоа што Владата и не е ослободена цела гранка, односно не е овластена цела гранка да ја ослободува од плаќање на данок. Но, од случај во случај во определен пресметковен период, доколку состојбите тоа го наметнуваат е овластена да постапува така за да им излезат во пресред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сте задоволен господине Бојковски, со одговорот?

**ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ:**

Бидејќи не сакам да отворам расправа по второто прашање, барам да ми се даде писмен одговор, не сум задоволен од одговорот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е задоволен, но на второто да се одговори писмено

За збор се јави господинот Зафировски.

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Во врска со изградба на водоводот за водоснабдување на 12 села во општина Гази Баба. Поставувам прашање до Владата, кои се причините за спората изградба на овој водовод и дали може

Владата да даде поволен придонес во неговата изградба. Барам писмен одговор

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот бара писмен одговор и молам да му се удоволи

За збор се јави господинот Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Првото прашање за урбанизам, екологија и го поставувам до Министерството заштита на човековата околина.

Колекторот на Охридското Езеро односно претпријатието што раководи со него е во финансиска состојба да не може да ја обавува функцијата. Поставувам прашање до Владата какви се размислувањата на Владата за функцијата на колекторот со оглед на тоа што најголемото учество во неговата изградба беше финансиското учество од страна на Републиката. Тоа е едно прашање.

Второ, јавноста во општината Струга и пошироко во овие денови е вознемирена со тоа што во саботата на 31.X.1992 година при една вообичаена сообраќајна контрола од страна на полицијата врз граѓанин од албанска националност, граѓанинот употребил огнострелно оружје, полицаецот е ранет, граѓанинот е во бегство, па ме интересира, бидејќи не сум бил овие денови таму, дали истиот е фатен и кој се мотивите за употреба на огнострелно оружје во вакви состојби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали можете веднаш да одговорите?

**БЕЌИР ЖУТА:**

Подобро е одговорот да се даде во писмена форма, тоа се однесува на последното прашање, бидејќи лицето за кое станува збор е се уште во бегство и секоја оценка е импровизација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, ќе се даде писмен одговор.

За збор се јави господин Неделковски.

**БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ:**

Неодамна беше донесен еден од системските закони за државјанство на Република Македонија. Поставувам прашање и барам да се утврди дали сите пратеници и одборници во Македонија ги исполнуваат условите за стекнување на државјанство на Република Македонија. Доколку се утврди таков случај дека некој од пратениците и одборниците не ги исполнува овие услови, веднаш да се распишат нови избори во нивните изборни единици.

Исто така би поставил прашање дали Владата размислува во однос на тоа дека од Македонија се одлеваат големи девизни средства во однос на автомобилската и електронската индустрија. Имаше во весник нешто околу ТАС-ГОЛФ можно е да се префрли, па дали Владата би се ангажирала малку повеќе во однос на тоа да една линија од производството на оваа светска реномирана фабрика да се пренесе во Македонија.

Третото прашање е на времето "Радио-бран" требаше да се развие во електронска индустрија. Мислам дека и на ова поле Владата треба малку повеќе да се позанимава, бидејќи е можно да се направи една таква електронска индустрија во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали сега ќе одговорите или ќе дадете писмен одговор? Што мисли министерот за развој? За првото прашање дополнително ќе дадете одговор.

За збор се јави господинот Иван Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, најпрвин должам една благодарност што еве едно доста актуелно прашање  што можам

додатно да го поставам до Владата. Се работи за просветните работници од првите генерации по ослободувањето кои дадоа значаен придонес за развојот на нашата држава. Меѓутоа, присутно е во јавноста дека значаен дел од нив кој се веќе заминати во пензија имаат многу лош стандард на живеење. Заради информирање на пратениците, па и јавноста, до Владата го поставувам следното прашање. Колкав е бројот на просветните работници кои стапија на работа до 1952 година, а сега се наоѓаат во пензија. Колкав е просекот на месечните примања односно пензиите на овие просветни работници и што Владата размислува во смисла на заштитата на нивниот стандард, а како резултат на нивната партиципација за развојот на нашата држава.

Барам писмен одговор по овие прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Андонов.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Се работи за еден проблем што го има Собранието на општина Радовиш веќе 2 години. Имено, комунални станови распределени на лица, а од строго наменски карактер за решавање на комунални проблеми, веќе 2 години не се решава со становите, бидејќи подрачното министерство во општината Радовиш не презема ништо. На општинското собрание беше донесен заклучок во врска со овој проблем. Исто така од Собранието е барано сите иматели односно корисници на општествени станови кои имаат изградено куќа или купено сопствен стан со тоа им престанува станарското право, веднаш да се одземат становите, а веќе 2 години воопшто се нема

преземено ништо, а за ова беше информирана и поранешната Влада. Сега поставувам прашање до Владата да ми одговори што ќе преземе за овие станови и за кое време ова може да се реши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговорите на ова прашање?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата веќе презема мерки и Комисијата при Владата за распределба на станови покрена иницијатива преку Министерството за урбанизам сите оние кои имаат стекнато станарско право на стан, а не го користат станарското право или не ги исполнуваат условите како што беше кажано, ќе бидат преземени мерки и тие станови ќе бидат одземени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште некое прашање?

За збор се јави Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе поставам само едно прашање, а тоа се однесува до Владата. Имено, познато е дека на подрачјето на Републиката за овие 45 години се изврши една невидена узурпација на земјиштето на селата и на црквите, па од тука без да чекаме кога ќе биде донесен законот за денационализација и враќање на сопственоста на селата и на црквите, на оној имот што им е одземен, барам Владата, на првата наредна седница, да донесе времена мерка со која ќе го исклучи од промет земјиштето на

селата и на црквите и ги задолжи надлежните служби во овој меѓупериод до донесувањето на Законот за денационализација да се покрене постапка за враќање на имотот на оние на кои им припаѓал односно имотот на црквите и селата да се третира согласно прописите како државен имот и бил исклучен од секаков правен промет. Од тука имаме бројни злоупотреби од страна на одредени органи почнувајќи од Катастарот и имотно правните служби, па од тука предлагам Владата да ја размисли оваа ситуација, да донесе времена мерка за забрана на промет и покренување на постапка за поништување на сите акти со кои е стекната оваа сопственост на еден државен имот, а се работи за селското земјиште и имотот на црквата.

Ова го предлагам што во консултација со имотно- правната служба постои основ за вакво постапување. Од тука предлагам Владата на наредната седница го постави ова прашање на дневен ред и донесе соодветна одлука во смисла на ова што го предлагам и да бидам известен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашање е дали се подготвува таква одлука.

За збор се јави господинот Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Познато е во јавноста дека последната година надлежните органи и заинтересирани организации во РМ интензивно работеа на некои делови од подготовките за реализација на Проектот "Вардарски слив". Во рамките на тоа последните 6-7 месеци се работеше интензивно и на разработката на

дел од тој проект, а тоа е хидросистемот "Бучим" за наводнување на Пелагонија. Со оглед на фактот дека сите варијанти од хидросистемот "Бучим" кои беа разгледувани како опција за можно дефинирање на проектите задачи за изготвување на целосна техничка документација директно ги тангираат граѓаните од општината Демир Хисар и дека сите варијанти се однесуваат на акумулациите кои се однесуваат на тој терен. Прашањето е директно до Владата која варијанта дефинитивно е дефинирана за хидросистемот Бучим во врска со изградба на акумулациите од хидросистемот "Бучим" и кој број на население директно ќе биде животно загрозен од избраната варијанта. Одговорот го барам писмено од надлежното министерство.

**НАИМ СЕЛМАНИ:**

Владата на Македонија ги има на дневенред сите системски закони, а меѓу нив до сега не е спомнат ниту во една форма законот за експропријација, кој во минатото е направен, меѓутоа, тој надоместок не е правичен. Барам од Владата како мисли да се изврши правилен надомест на тие на кои им е експроприрано земјиштето иако со закон своевремено се мислеше, а и сега се мисли дека тоа било со надомест за одземеното земјиште. Меѓутоа, тој надомест своевремено беше симболичен, па барам од- говор како мисли Владата дали тој надомест е правичен и дали воопшто ќе настане деекспропријација односно дали ќе се даде правичен надомест по однос на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе можете сега да одговорите или писмено? Во ред, ќе добиете писмен одговор.

Дали има уште прашања?

Збор бара господинот Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

Јас сосема кратко би се обратил до ресорниот министер за здравство. Ако лекар специјалист работи на работно место каде треба да работи лекар од општа практика, дали пациентите треба да плаќаат надомест за специјалистички преглед. Одговорот го барам во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој сака да постави прашање? (Не) Сега минуваме на точките од дневниот ред.

Преминуваме на **првата точка** од дневниот ред – Предлог за донесување на закон за празниците на Република Македонија.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на Комисијата за општествено - политички систем и ЗПК и Комисијата за меѓунационални односи, забелешките на пратениците Тодор Петров и Фаик Абди и мислењето на Владата ви се доставени односно по- делени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за празниците на Република Македонија;

2. Собранието го задолжува предлагачот да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела на Собранието;

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за општествено -политички систем и ЗПК и Комисијата за меѓунационални односи, мислењето на Владата на РМ како и забелешките нас пратениците Тодор Петров и Фаик Абди да се достават до предлагачите на законот.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака. (57) .

57 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на **второта точка** од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за осигурување на имоти и лица.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на Комисијата аз финансирање и буџет и ЗПК ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Сакам да го изнесам мислењето на Комисијата за финансирање и буџет по Предлогот за донесување на закон за осигурување на имоти и лица.

Најпрво да кажам дека сметаме дека има потреба од донесвуање на овој закон и целта на донесување на овој закон е осигурувањето да се постави на пазарен начин на стопанисување, со што ќе се следи конкуренцијата и ефикасноста.

Бидејќи голем број на сојузни закони се применуваат веќе подолго време во Републиката како републички прописи, но како и во другите области, така и во оваа област се чувствуваат одредени празнини во законската регулатива и се смета дека треба што побрзо да се донесе овој Закон.

Инаку, начелата на самостојност на организацијата добоворлност во осигурувањето и само по исклучок задолжително осигурување сосема ги задоволуваат условите по кои треба да се донесе овој закон.

На Комисијата се сметаше дека казнените одредби треба да се усогласат со Законот за стопанските престапи што го донесовме на една од претходните седници. Инаку, сметаме дека овој закон треба да се донесе во две фази, така што сега да го гледаме Предлогот за донесување, а за наредната седница Комисијата предлага да го имаме Предлогот на закон за осигурување на имоти и лица.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок

Молам, г-ца Стојанова да внимава дали овој заклучок е во согласност со сите комисиски согледувања:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за осигурување на имоти и лица.

2. Собранието на Република Македонија ја задолжува Владата да изготви и на Собранието му достави Предлог на закон, при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, ЗПК, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок,молам да крене рака? (60 пратеници)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на **точката _____** - Нацрт на закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Г-динот Паунов предлагаше оваа точка да биде на крај Дали мислите така или ние да ја почнеме расправата и да го слушнеме излагањето на министерот Јане Миљоски.

Имаме време да го ислушаме министерот.

Нацртот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Информацијата за примената на законот за општествениот капитал во стопанството на Република Македонија до крајот на 1991 година.

Нацртот на законот, Информацијата и извештаите на Комисијата за стопанство, Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата з градежништво и урбанизам, Комисијата за земјоделство и шумарство, ЗПК и Комисијата за заштита на човековата околина и забелешките на пратеникот Петар Горгиев Ви се доставени, односно поделени. Имаме и материјал кој ви е поделен од Стопанската комора, од Сојузот на синдикатите на Македонија и од Социјалистичката партија.

Отворам претрес.

Му давам збор на министерот Јане Миљоски.

**ЈАНЕ МИЉОСКИ**: (прилог)

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Почитуван пратеници,

Дами и господа,

По речиси пет месеци, Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал повторно се наоѓа на дневѕен ред на седница на Собранието. Овој пат БО форма на Нацрт закон. Би потсетил дека претходната Влада му го испрати на Собранието текстот на предлогот за донесување на закон на 15 април 1992 година. Предлогот за донесување на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал беше разгледуван на седницата на Собранието што се одржа на дури на 2 и 3 јуни 1992 година. По исцрпната расправа Собранието ја задолжи Владата да изготви и на Собранието да ги достави Нацрт на закон, при што да се имаат предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, укажувањата, предлозите и забелешките доставени до Собранието, како и дискусиите искажани на седницата на Собранието.

Работната група, со исклучителна сериозност и одговорност, пристапи кон проучување на доставените мислења, предлози и сугестии, со цеп ни една идеја да не остане запоставена или неразгледана. Како резултат на сите овие активности беше изработен Нацртот на законот за. трансформација на претпријатијата со општествен капитал, кој потоа беше разгледан во работните тела на Владата и од Владата. Сметаме дека текстот, кој потоа му го доставивме на Собранието, а се работи за овој текст што денес го разгледуваме, е значително подобрен во однос на претходниот текст. Во Нацрт законот место најдоа оние предлози за кои сметаме дека ќе ја олеснат оваа исклучително тешка и неизвесна трансформација на македонското стопанство.

Овде морам да потсетам дека за првобитниот текст на Законот беа искажани и забелешки, кои се залагаа за изработка на сосем нов концепт на трансформација, или

уредување на одредени битни делови од законот на поинаков начин. Овие забелешки Н9 можевме да ги прифатиме, затоа што ќе ја разурнеа целината и конзистентноста на проектот што го предложивме, а за чие што изградување ангажиравме драгоцени сили многу и време. Но тоа е можеби најмалку важната причина заради која инсистираме на предложениот модел. Изборот на концептот со кој се врши трансформацијата не го направивме ниту случајно, ниту врз основа на моментална идеја. За одредување на концептот беа изработени повеќе студии кои точно го отцртаа типот на трансформација кој Македонија најбрзо и најефикасно ќе ја претвори во земја со вистинска пазарна економија и ефикасно стопанство. Оттука, идеите на поединци, што се сосем различни од концептот кој го понудивме, може да се интересни за дискусија, можеби имаат по некоја добра искра во себе, но секако не ги содржат сите релевантни фактори битни за овој премин. Од социјалистичко во пазарно стопанство.

Пред да преминам кон излагање на промените кои се направени во Нацртот на законот во однос на Предлогот за донесување на законот, уште еднаш би сакал накратко да се задржам на суштинските елементи на Македонскиот тип за приватизација.

Карактеристика на нашиот пристап е прво идентификацијата на доминантниот сопственик во секое претпријатие. Тоа може да биде едно или повеќе лица кои ќе поседуваат најмалку 51% од уделите или акциите на претпријатието. На овој начин сакаме да создадеме услови за ефикасно управување со претпријатијата. Со ова решение се зголемува ефикасноста во донесувањето на стопанските одлуки. Но, со овој пристап се постигнува уште нешто. Веќе на почетокот на трансформацијата се знае кој е идниот сопственик и со тоа се спречува разграбување на имотот на претпријатието, појава што е типична за вакви процеси на премин од еден во друг тип на општество.

Инсистираме сопственици на претпријатијата да станат лица кои ќе вложат сопствени средства. Тоа е единствениот начин сопственикот да биде доволно мотивиран ефикасно и успешно да работи, односно да го оплодува вложениот капитал.

На овој начин ќе со обезбеди и ризичните одлуки да бидат покриени со ризик на сопственикот, а не со туѓи пари, Потребата од оплодување на вложените средства доведува до повисок искористување на расположливите капацитети, а со тоа и до задржување на релативно поголема вработеност. Во претпријатијата.

Значајна карактеристика на нашиот проект е што постојат различни начини на кои едно претпријатие може да се трансформира.. Нацрт законот ги дели претпријатијата на мали, средни и големи, при што за секоја од овие групи се предвидени различни методи на трансформација. Богатството на разни техники на приватизација, кои може слободно меѓу себе да се комбинираат, е резултат на настојувањето на секое претпријатие да му се овозможи избор на таква техника, која ќе биде прилагодена на неговата технолошка и пазарна поставеност.

Во дискусиите што се водеа по претходниот текст на законот многу често беше споменувано дека тој не води сметка за тоа дека во Македонија нема доволно капитал за откуп на претпријатијата. Притоа, многумина не забележаа дека, водејќи сметка за проблемот на недостиг на капитал во Република Македонија, предвидуваме специфичен начин на откуп на средните и големите претпријатија. Кај средните претпријатија, управувачките права може да се стекнат ако се откупи најмалку 20% од вредноста на акциите, а кај големите претпријатија ако се откупи најмалку 10% од вредноста на акциите на претпријатието. Но, лицата кои на ваков начин ќе стекнат мнозински управувачки права ќе мора да понудат соодветна програма за развој на претпријатието. Меѓу Агенцијата и лицата кои го преземаат управувањето со процент понизок од 51% се склучува договор за продажба со кој што меѓу другото, се утврдува и рокот во кој мора да се откупи најмалку 51% од вредноста на акциите на претпријатието. Тој рок, не може да биде подолг од 5 години. Со овој начин на приватизација сакаме да оствариме неколку ефекти одеднаш:

- трансформацијата да се врши и покрај тоа што во Македонија нема доволно капитал;

- во купување доминантен дел на акции да учествуваат и оние лица кои имаат доволно знаење, смелост и способност да ја зголемат профитабилноста на претпријатието, но немаат доволно капитал веднаш да станат доминантни сопственици приватизацијата да станат доминантни сопственици
- приватизацијата да се врши од идните профити на претпријатието; Бидејќи во овој момент такви профити нема.
- отплатата на доминантниот дел на акциите од идните профити да ги принуди претпријатијата на високо ниво на стопанска активност за да може да остварат повисок профит;
- ова, од друга страна, да ја минимизира опасноста за отпуштање на постојната работна сила.

Од процесот на приватизација, во првата фаза, ги исклучуваме електростопанството, железницата, поштите, комуналните дејности, со еден збор, оние дејности кои во развиените земји влегуваат во така наречениот Јавен сектор. Многумина ќе се сетат дека токму претпријатијата од овој сектор беа предмет на приватизација во западните земји. Но, не смееме да заборавиме дека се работи за економии со развиен приватен сектор, со изобилство на капитал, со долгогодишна пазарна традиција, изградена законска регулатива. Сето тоа ние го немаме во Македонија денес.

Во почетокот од приватизација ги исклучуваме и монополските претпријатија затоа што во Македонија немаме изградено антимонополско законодавство. Доколку станува збор за монополски претпријатија чиј производен процес дозволува нивна поделба на помали делови, тие ќе бидат приватизирани откако ќе бидат поделени, со што на пазарот ќе се воспостави конкуренција.

Процесот на приватизација на општествениот капитал во Република Македонија започна со примената на Сојузниот закон за општествениот капитал. Колку некои негови решенија да не ни се допаѓаат и да не се вклопуваат во механизмите на нашиот проект за приватизација, сепак, имајќи ги во предвид

заложбите за правен континуитет н правна сигурност, приватизациите извршени без да бидат кршени и изигрувани одредбите на овој закон мораме да ги признаеме.

Сите приватизации, кои се засновани врз фиктивни трансакции, односно кои не се извршени во согласност со важечкиот закон, нема да бидат признаени. Затоа, во Законот е предвидена позаталка за контрола н ревизија на веќе извршената приватизација, со оглед на фактот дека приватизацијата според Сојузниот закон се одвиваше, слободно можеме да кажеме, стихијно, односно без увид и контрола на соодветен државен орган или институција. Со контролата на извршената трансформација на субјектите кои приватизацијата ја извршиле доследно почитувајќи ги законските прописи, сакаме да ја тргнеме хипотеката што нивната приватизација ја претставува како грабеж и во оваа смисла не можеме да ги прифатиме барањата за поништување на секој процес на приватизација. Но, исто така, не можеме да ги прифатиме и барањата секоја приватизација, дури и онаа која е извршена преку фиктивни трансакции, да ја озакониме. Треба конечно да се навикнеме дека прописите, без оглед дали се добри или лоши, дали некому повеќе или помалку му одговараат или не му одговараат, мораме да ги почитуваме и доследно да ги спроведуваме.

Во натамошниот дел од моето излагање ќе се задржам на измените што се направени во Нацртот на законот во однос на решенијата предвидени во Предлогот за донесување на Законот.

**1. Продолжен е рокот во кој што претпријатијата се должни да донесат одлука за трансформација**.

Според Нацрт законот овој рок изнесува 1 година, а кај големите претпријатија рокот ќе биде утврден во Програмата за трансформација, но тој не може да биде подолг од 2 години. Роковите течат од денот на влегување БО сила на Методологијата за проценка на вредноста на општествениот капитал, што треба да ја донесе Владата, на РМ на предлог на Агенцијата.

За претпријатијата кои трансформацијата ја започнале според Сојузниот закон, роковите течат од денот на добивањето на извештајот за извршената контрола, односно ревизијата од Службата на општественото книговодство.

Само да потсетам, во претходниот текст беше утврдено дека малите претпријатија се должни трансформацијата на општествениот капитал да ја завршат најдоцна во рок од една година, а средните и големите претпријатија одлука за трансформација требаше да донесат во рок од С месеци од денот на влегување во сила на Законот.

**2. Во Нацрт законот предвидуваме продавање на акции на вработените со попуст, ова е навистина ново решение.**

Предвидено е дека, под повластени услови, може да се купи најмногу 10% од проценетата вредност на општествениот капитал на претпријатието што се трансформира. Овој дел од општествениот капитал е достапен за сите корисници на попустот под еднакви услови. Правото на попуст е индивидуално, што значи дека доколку акциите, односно уделите наменети за продажба со попуст не бидат продадени во рок од 3 месеци од почетокот на нивната продажба, се продаваат под условите утврдени со овој закон.

Корисниците на попустот имаат право на основен попуст од 20% од номиналната вредност содржана во делот на општествениот капитал што им припаѓа, зголемен за 0,5% за секоја полна година на работен стаж во претпријатието што се трансформира, Делот на општествениот капитал што може да се купи со попуст не може да биде поголем од 10.000 германски марки.

**3. Сличен, но значително поголем попуст, имаат работниците при откуп на акциите на субјектите на општествениот стандард (одморалишта, рекреативни центри и сл.).**

Предвидено е попустот во овој случај да изнесува 40% од номиналната вредност на акциите зголемен за 1,0% за секоја полна година работен стаж.

Останатите елементи при продажбата на општествениот капитал содржан во објектите на општествениот стандард се еднакви со оние кои ги споменав претходно.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:** (Продолжение)

Во претходниот текст на законот не беше утврдена можноста за купување на објектите од општествениот стандард под повластени услови. Ние оваа можност ја внесовме на барање на Синдикатот во врска со објектите на општествениот стандард. Сега, слушам дека ниту ова решение не ги задоволува барањата на Синдикатот. Од дискусиите со него добивме впечаток дека синдикалното раководство смета дека тоа е сопственик на овие објекти. Правно тоа е сосема неодржливо, заради тоа што овие објекти им припаѓаат на претпријатијата. Сепак, водејќи сметка извесна врзаност на работниците за овие објекти, ние во овој закон даваме можност тие директно, без посредници, да станат сопственици на овие објекти.

**4 Особена грижа во изготвувањето посветивме на прашањето за социјалната сигурност на вработените**.

За оваа намена предвидовме два инструменти:

1) Средствата кои ќе се остварат со продажба на објектите на општествениот стандард е предвидено да се уплатуваат на посебна сметка на Министерството за труд и социјална политика, со намена за обезбедување на правата на работниците кои ќе останат без работа поради сопственичката трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Кога ќе се погледа висината на попустите кои се даваат на вработените при продажба на објектите од општествениот стандард се гледа дека всушност, се работи за продажба која е блиску до бесплатно давање, додека пак сумата која сепак се плаќа оди исклучиво за помош на оние, кои со овие процеси ќе останат без работа. Тоа е нормална солидарност и ми се чини дека во такви услови ниту работниците нема таа мала сума да ја сфатат како непотребен товар.

Вториот инструмент за прибирање на средства за социјална сигурност претставува дивидендата од приоритетите акции кои претпријатијата ги издаваат и пренесуваат на агенцијата додека не се заврши процесот на приватизација.

**5. Дискусијата која претходеше на преднацрт на законот покажа дека моделите со кои се врши трансформацијата не се разбрани. Затоа направивме значајни појаснувања на моделите содржани во главата - Начини и постапки за трансформирање на претпријатијата со општествен капитал.**

**6. Исто така, како резултат на сугестиите во спроведената расправа во текстот што е денес пред вас, значително се смалени ингеренциите на Агенцијата, а извршени се одредени измени кои ја појаснуваат нејзината улога во процесот на трансформација.**

Во Законот е предвидено дека на Директорот, на членовите на Управниот одбор и на вработените во Агенцијата им е забрането купување на акции од претпријатијата кои се трансформираат согласно овој Закон. За непочитување на оваа одредба, во казнените одредби е предвидена казна - кривично дело поради злоупотреба на службена положба, според член 177 од Кривичниот закон на Република Македонија. Вакво решение во Предлогот за донесување на законот не беше предвидено.

Јас ова и на друго место сум го рекол и се пронесе една сосема погрешна вест дека директорите не можат да купуваат акции. Тоа можеме да кажеме е сосема неточно. Се работи само за директорот на агенцијата за приватизација и за вработените таму, а не за другите.

**7. Во претходниот текст многу критики доживеа нејасноста околу тоа за што ќе се ползуваат средствата остварени со продажба на претпријатијата. Затоа во овој текст извршивме одредено појаснување. Така, предвидено е дел од средствата да се користат за враќање на внатрешните и надворешните долгови на Република Македонија, со посебен акцент врз решавање на долгот по основ на замрзнатите девизните штедни влогови на граѓаните.**

Исто така, во врска со употребата на средствата, во Нацртот на законот е пропишано дека Собранието на Република Македонија, на предлог на Владата, донесува Програма за намена на средствата кои ќе се остварат со продажба на претпријатијата со општествен капитал. Ова решение не беше содржано во предлогот за донесување на законот.

8. Од овој текст изоставен е членот, што во претходниот текст беше многу напаган, во кој се пропишуваше обврска за идентификацијата на државниот капитал. Преовлада ставот дека се оправдани барањата на неповратните средства одобрени од Републичкиот фонд за неразвиени подрачја, неповратните средства од други фондови, вложените средства по основ на придонеси и ослободувањата по основ на посебни погодности да не се третираат како државен капитал. Ваквото решение е можно заради тоа што независно од потеклото на општествениот капитал, средствата се прибираат на едно место и се наменуваат.. за цели. за кои говорев пред малку.

Исто така Извршени се одредени измени, дополнување и прецизирање на некои од преодните решенија.

Една од промените се однесува на интерните акции што претпријатијата ги издале според Законот за лични доходи, а при тоа не ги употребиле за трансформација на општествениот капитал според Сојузниот закон. За оние кои приватизацијата ќе ја спроведуваат според нашиот закон, се предвидува можност, по плаќање на обврските пропишани со закон, да добијат својство на обични акции. На овој начин, во приближно еднаква^положжба ќе се доведат претпријатијата кои издадоа интерни акции според Законот за лични доходи, а не ја започнаа постапката на трансформација според Сојузниот закон, со оние кои таквата можност ја искористија.

Согледувајќи ги проблемите кои можат да настанат во врска со огромната работа околу испитување на законитоста на досега извршената трансформација, рокот во кој Службата за општествено книговодство е должна да изврши контрола, односно ревизија на извршената приватизација според Сојузниот закон, е продолжени во однос

На претходниот текст, од 3 на 9 месеци. Но исто така за да не се продолжува приватизацијата истовремено смален е рокот во кој агенцијата е должна, по добивањето на известувањето и документацијата за извршената контрола и ревизија од СОК да утврди законитоста на извршеното сопственичко трансформирање според законот за општествениот капитал.

Почитувани пратеници,

Имајќи го предвид големото значење на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, кој треба да создаде услови за ефикасно стопанисување и да придонесе да се подигне животниот стандард на вработените и на нивните семејства на ниво што ќе или овозможи достоен живот, морам да укажам на уште неколку работи кои се актуелни во дискусиите во Републиката во овој момент.

Најнапред да се осврнам ма барањето дека овој закон не смее да се донесе пред да се донесе Законот за денационализација. Оваа теза долго време е присутна во јавноста и мене ми е жал што аргументите изнесени против неа толку тешко се 4 прифаќаат. Но, единствено што можам да изнесам повторно се аргументите кои ќе ја објаснат позицијата на Владата. Морам да кажам дека со овој закон, во кој постои посебна глава под наслов "Заштита на правата на поранешните сопственици" јасно се укажува дека предлагачот е решен да ги почитува овие права. Морам да укажам и на уште нешто: ние во овој закон не го решаваме во потполност прашањето на денационализација. Тоа го оставаме на Законот за денационализација кој проблемот треба да го реши во потполност. Само оној кој не се занимавал со оваа материја може да мисли дека прашањето едноставно се решава и дека тоа е едноставен закон. Не, тоа ќе биде многу компилициран закон кој што бара ангажирање на специјалисти од таа област. Во нашата одлука Законот за приватизација да претходи на оној за денационализација, поаѓаме од фактот дека најголемиот дел од индустријата во Македонија е изграден по Втората светска војна и заради тоа нема да биде нужно.... нагласам дека приватизацијата е проект за нашата иднина. Тоа е проект кој треба во Македонија да ги создаде условите за побогато општество, за општество кое се развива и за општеството на богати граѓани. Проектот за

денационализација има една друга димензија: Тој треба да ги отстрани неправдите од минатото и да покаже дека во оваа држава ќе се почитуваат сопственичките права. Оттука, Законот за приватизација како што популарно го нарекуваме, е Закон кој ја означува клучната реформа и клучната трансформација на нашата иднина. Затоа инсистираме, поради потребата да ги отстраниме неправдите од минатото да не сопреме со укаже на темелите на нашата иднина. Ако сега се инсистира на одлагање на донесување на законот заради донесување на закон за денационализација, ние само ги одлагаме неминовните реформи. Не верувам дека толку упорно инсистирање на другиот редослед на донесување на законите е мотивирано само од стручни и етички принципи. Напротив, сметам дека тоа е заложба за одлагање на донесувањето на овој закон, а понатаму се бара начин сосема да се сопре трансформацијата која што се предлага со Законот за приватизација.

Сакам да укажам уште на една појава. Секој од учесниците во расправата настапува од екстремни позиции, без да разбере дека во оваа Република има и сили со поинакви: интереси. Споредете го само барањето за примарноста на Законот за денационализација а со ставот на Синдикатот дека на поранешните сопственици не треба да им се врати имотот. И повторно Синдикатот сака да го одложи донесувањето на законот се додека "широко не се издискутира". А тоа што за овој закон се дискутира веќе десет месеци, е во јавна расправа, никого не го интересира. Тоа што во оваа Република ниту еден закон, па дури и Уставот не е донесен со вака....... никого не го засега во Републикава. Ако после 10 месеци јавна расправа на кое стручните здруженија го разгледуваа повеќе пати и

и ги дадоа своите критики ние се уште не знаеме кој е нашиот став, тоа тогаш можеме да кажеме дека ситуацијата е жалосна. А во тие дискусии за законот само во Синдикатот се одржаа најмалку 4-5 расправи. И сега, сето тоа не е доволно, треба повторно да се дискутира. Оттука, јасно е дека целта на дискусијата не е расчистување на ставовите, туку обид оваа состојба на неразрешени односи во општествената репродукција да се задржи и понатаму. Барањето за одлагање е барање за продолжување на хаосот во кој се наоѓа македонското стопанство.

Да потсетам на уште нешто: не постои партија во овој*Парламент која на изборите не настапи со потребата за приватизација. На таа основа е добиена и онаа поддршка која гласачите ви ја дадоа. Оттука ми се чини дека е крајно време сериозно да почнеме да размислуваме за исполнување на обврските кон гласачите и да ги

реализираме проектите кои сме им ги ветиле. Едноставно, мораме да почнеме со длабоките реформи што и се потребни на оваа држава.

Ќе наведам уште еден пример на екстремно спротивставени барања: Едните велат треба да се укинат сите попусти, другите велат дека попустите треба да се поголеми, а третите велат дека треба многу поголеми попусти, а четвртите дека попустите мораат да се прошират на сите вработени. И сите од своја позиција го напаѓаат предлогот на Владата. При тоа, никој не забележува дека предлогот што го нудиме е компромисен. Ние, од една страна, знаеме дека никој нема да вложи во претпријатие во кое мнозинството на акциите се во рацете на вработените, затоа што во таков систем сопственикот на капиталот, нема контрола за начинот на употреба на капиталот. Но, исто така знаеме дека работниците во голем степен се идентификуваат со своите колективи и дека сметаат дека во нив

вградиле сопствен труд. Оттука, право или не, мора да се води сметка за овие чувства на вработените. Но, од трета страна, стои и барањето на вработените во нестопанството да не бидат третирани како граѓани од втор ред. Нивното барање е следното: дајте ни ги и нам истите права како на вработените во стопанството. Кој е излезот од овој лавиринт на спротивставени барања? Тоа е предлогот на Владата. Ние не нудиме попуст кој е стручно пресметан, туку попуст што сметаме дека е разумен компромис меѓу спротивставените барања: од една страна, не преголем за да ги уплаши идните вложувачи, од друга страна не е таков да мора да ги иритира сите оние вработени во нестопанството ( зад чии барања Синдикатот и овој пат не сака да застане) но сепак на вработените им дава некаква сатисфакција за доброто и домаќинско работење. Тоа е компромис кој не го загрозува основниот концепт на законот, тоа е компромис кој што води сметка и за односот на силите во општеството.

Уште еден пример. Има барања кои инсистираат на потполно поништување на интерните акции. Ним им се спротивставени барањата за потполно признавање на сите интерни акции издадени досега. Ако, на пример, го прифатиме барањето за потполно - укинување на интерните акции, Уставниот суд може да ја поништи одлуката на Собрание како и противуставна. Но, ако извршиме ревизија, т.е. да ги признаеме сите . интерни акции кои се издадени во собразност со законот, а да ги поништиме оние кои се издадени противно на одредбите на законот, тогаш нудиме решение кое е избалансирано и кое води сметка за чувството на правичност кај луѓето, а пак, од друга страна, води сметка и за правната сигурност.

Оттука сакам да нагласам дека ако на сличен начин се издвојуваат одделни решенија од законот и се разгледуваат сами за себе тие секогаш можат да бидат напаѓани. Но, правата слика се добива само ако понудените решенија се гледаат во рамките на целината на законот и како еден разумен и избалансиран предлог којшто ќе може да добие поддршка на овој парламент.

На крај би сакал да се заблагодарам на низата добронамерни сугестии кои ги чувме на расправите во комисиите на Собранието. Тие, како и сугестиите кои тука ќе ги добиеме ќе бидат сериозно разгледани од стручната група, од комисијата и Владата, и онаму каде тоа го подобрува текстот, ќе бидат вградени во конечниот предлог Закон.

Благодарам,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да прекинеме со работа, а расправата да ја продолжиме утре во 10 часот.

Може ли така? (Пратениците се согласија)

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот.